CIVICA MOBILITAS

CEA
Center for Economic Analyses

# ФИСКАЛНА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ЗА ПОДОБАР РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО



# ФИСКАЛНА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ЗА ПОДОБАР РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Центар за економски анализи – ЦЕА

Марјан Николов
Игор Митевски
Ана Марија Петровска
Весна Гарванлиева Андонова
Габриела Димовска

Јануари, 2017

**General information about CEA**

CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA)

**CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA)**

Bul. Jane Sandanski 63/3,
1000 Skopje Macedonia

Tel: + 389 (0)2 24 44 766
Mob: + 389 71 310 974

TIN: 4030003479278
Reg. 5763061

*Account number:*

Stopanska Banka AD Skopje
Account number: 200000856268559

*Web page and e-mail:*

www.cea.org.mk
www.lsg-data.org.mk
www.mkbudget.org
info@cea.org.mk

Оваа публикација е изготвена во рамките на проектот:
“Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество”
имплементиран од

Центарот за економски анализи – ЦЕА

*Поддржано од грант на CIVICA MOBILITAS*

Оваа публикација е овозможена со поддршка на CIVICA MOBILITAS во рамките на проектот Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество имплементирана од страна на Центарот за економски анализи.

„Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центар за економски анализи и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.“

Другите автори се должни да го наведат ова истражување доколку е користено или ги информирало за нивните истражувања и публикации.

**Содржина:**

Извршно резиме ........ 7
Executive summary ........ 12
Вовед ........ 17
Методологија ........ 18
Граѓанско општество во Република Македонија ........ 18
Уставна и законска основа на здруженија и фондации ........ 20
Територијална дистрибуција на здруженија и фондации ........ 21
Профил и околина за развој и работа на здруженија и фондации ........ 23
Мерење на развојот и работата на здруженијата и фондациите ........ 24
Преглед на индекси на Граѓанското општество ........ 25
Цивикус – Индекс на граѓанско општество ........ 25
Индекс на одржливост на Граѓанските организации ........ 28
Трансфери до невладини организации од буџетите на ЕЛС во Република Македонија ........ 33
Трансфери од ЕЛС кон невладини организации во Република Македонија ........ 34
Регионална анализа на трансфери кон невладини организации од страна на ЕЛС во Република Македонија ........ 34
Намена на трансфери кон невладини организации од страна на ЕЛС во Република Македонија ........ 39
Економетриски географско-демографски и социо-економски модели на трансферите од ЕЛС кон невладините организации во статистичките региони ........ 40
Географско-демографски економетриски панел модел ........ 41
Социо-економски економетриски панел модел ........ 42
Заклучоци ........ 44
Препораки ........ 46
Трансфери до невладини организации од Централниот буџет на Република Македонија ........ 46
Анализа на одговори од БПИЈК од страна на ЕЛС во РМ за трансфери кон невладини организации според нивната намена ........ 48
Класификација на трансферите до невладини организации од буџетите на ЕЛС по тип/сектор ........ 50
Класификација на намената на трансферите до невладини организации од буџетите на ЕЛС групирани по сектор ........ 52
Регионална анализа на трансферите до невладини организации од добиените одговори на БПИЈК од ЕЛС во Република Македонија ........ 53

Регионален преглед на намената на Трансфери до невладини организации групирани по тип/сектор ....55
Заклучоци....58
Препораки ....60
Библиографија....61
Анекси....62

## Листа на кратенки

БЦСДН - Балканската мрежа за развој на граѓанското општество

БПИЈК – Барање за пристап до информации од јавен карактер

ГО – Граѓански организации

ЕЛС – Единици на локална самоуправа

ЕУ- Европска Унија

ЕК – Европска комисија

ЗЗФ – Закон за здруженија и фондации

ИГО – Цивикус - Индекс на граѓанско општество

МКД – Македонски денар

МЦМС – Македонски центар за меѓународна соработка

РМ – Република Македонија

УСАИД - Американската агенција за меѓународен развој

УСД – Американски долари

ФООМ – Фондација отворено општество, Македонија

ЦМ - Цивика Мобилитас

ЦЕА – Центар за економски анализи

ЦВ – Централна власт

ЦРМ – Централен регистар на Република Македонија

## Извршно резиме

Целта на ова истражување е идентификување на причините кои го движат развојот на граѓанските организации – ГО, здруженијата и фондации[1] во регионите и во општините на Република Македонија како и да се идентификуваат последиците од таквиот развој.

Истражувањето е дел од проектот *"Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество"* што го спроведува Центарот за економски анализи и финансиски поддржан од Цивика Мобилитас. Проектот е со времетраење од 24 месеци и има за цел преку анализа на степенот на регионален развој на граѓанските иницијативи да се дојде до поефикасна фискална децентрализација на граѓанското општество и порамномерен регионален развој на граѓанското општество.

## КОНТЕКСТ

1. Според последните податоци од Цивикус - индексот за граѓанско оппштество за периодот 2009 - 2011 година, *"граѓанското општество во Македонија е умерено развиено".* Според извештајот за Индексот на одржливост на граѓанските организации во Македонија: *"Генералната оценка (3.9), за одржливоста на граѓанските организации во Македонија за 2015 година бележи пад, главно поради политичката криза која ја зафати Македонија истата година. Имено, продолжува надолниот тренд на попречување на овозможувачката околина за граѓанските организации"*.
2. Ако ја анализираме географската распределба на здруженијата и фондациите во 2013 година можеме да забележиме дека од вкупно 13.099 регистрирани организации најголем број односно 5.106 или 39% се регистрирани во Скопскиот регион, а најмал е бројот во североисточниот плански регион, 767 или 6% од вкупно регистрираните организации во Република Македонија. Овој податок дополнително ни укажува дека најголема концентрација на граѓански организации, а со тоа и потенцијално најголем степен на влијание имаме во Скопскиот регион (види во Анекс).
3. Здруженијата и организациите во Република Македонија се соочуваат со низок степен на филантропија, низок извор на финансирање од членарина и со низок степен на партиципација од граѓаните.
4. Ова е интересно бидејќи недостатокот на филантропија, нискиот степен на финансирање преку членарина и нискиот степен на партиципација не можат да го објаснат феноменот на зголемувањето на бројот на здруженија и граѓани во Република Македонија.

1) Во ова истражување наизменично ќе ги користиме термините граѓански здруженија, граѓански организации, здруженија на граѓани, фондации и невладини организации како синоними заради едноставност. Онаму каде е тоа потребно заради формалност и заради контекстот ќе бидат јасно разграничени овие поими.

5. Едно можно објаснување е дека феноменот на зголемувањето на бројот на здруженија и граѓани во Република Македонија е корелирано со активностите на политичките елити како и со финансирањето од донации од меѓународни извори вклучително и од ЕУ при што и целите на невладините не се насочуваат кон пошироките општествени слоеви туку целите претежно се насочени кон донаторот или кон политичките елити.
6. Па затоа, иако невладиниот сектор во Република Македонија се стекнал со капацитет за влијание на ниво на политички елити (водена од и имајќи ја во предвид структурата на финансирање со значително отсуство на филантропија и членарини) сепак се уште е значителна отуѓеноста на невладиниот сектор од пошироките општествени слоеви. Овој ефект не е ендемичен за Македонија или за земјите од регионот туку е реалност и во земјите од пост-комунистичка Европа (Fagan 2005, Bogdanovic 2016).
7. Од друга страна, според анкетното истражување на Меѓународниот републикански институт, граѓаните на Република Македонија се на мислење дека во здруженијата и организациите во Република Македонија има најмалку распространето корупција споредено со властите, владини органи, политички партии, судство.
8. Се чини како да има јаз помеѓу улогата на здруженијата и фондациите и централната власт и локалната власт во Република Македонија во делот на партиципација. Финансирањето претежно почива на донации и проекти од меѓународни извори, а помалку од домашни извори, а централната власт и локалната власт во Република Македонија, партиципацијата на здруженијата и фондациите претежно ја гледаат како потреба за потврда на веќе изработени документи и донесени политики отколку на партнерска соработка и партиципација кон поефикасни, поефективни и поекономични јавни политики.
9. Можно објаснување е дека Република Македонија е заглавена во првата фаза од транзицијата која почива на либерализација, приватизација и дерегулација. Во Република Македонија не е започнат процесот на градење на општествениот капитал кој е услов без кој не се може во едно либерално општество. Тој општествен капитал е основен столб на втората генерација на реформи, а за кои основните мерни единици како владеењето на правото, слободата на говорот и независноста на институции бележат силен пад во Република Македонија во последните години за на крај да бидеме дијагностицирани како заробена држава.
10. Оттука, во Република Македонија сфаќањето за општествениот капитал во најдобар случај е се уште структурен и тој се уште почива повеќе на квантитет т.е. на број на здруженија и фондации, а не и на когнитивен општествен капитал кој почива на норми, култура, доверба, вмрежување.
11. Причините за спориот развој на Република Македонија кон втората фаза на транзиција која треба да биде основа за когнитивниот општествен капитал и кој не може да се октроира со јавни политики можат да бидат најмалку социо-економски, политички или историски (пост социјалистички).

## ФИНАНСИРАЊЕ-ДЕЦЕНТРАЛИЗИРАНО И РЕГИОНАЛНО

12. За финансирањето на здруженија на граѓани и фондации во Република Македонија за периодот 2010-2015 година статистички не е важна разликата во население во регионите туку статистички е важен типот на ЕЛС т.е. дали е урбана ЕЛС. Доколку е урбана ЕЛС тогаш здруженијата и фондациите имаат повисока веројатност да бидат финансирани од ЕЛС.
13. Социо-економските варијабли статистички подобро го претставуваат моделот на финансирање на здруженија на граѓани и фондации во Република Македонија од географско-демографските варијабли.
14. За финансирање на здруженија на граѓани и фондации во Република Македонија статистички е значаен бројот на корисниците на Интернет во ЕЛС. За финансирањето на здруженија на граѓани и фондации, статистички е значаен БДП на регионот како и стапката на невработеност на регионот. Колку е повисок БДП толку се повисоки трансферите од ЕЛС кон здруженијата на граѓани и фондации и колку е повисока стапката на невработеност толку се пониски трансферите од ЕЛС кон здруженијата на граѓани. Ова е интересен наод од истражувањето кој треба дополнително да се истражи.
15. Во периодот 2010 – 2015 година, трансферите кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС континуирано растат со двоцифрени стапки на раст. Во истиот период и ефикасноста на планирање на ЕЛС на овие трансфери во нивните буџети се зголемува. Имено, реализацијата во однос на планираните трансфери се зголемила од 69% во 2010 година до 79% во 2015 година. Исто така и трансферите до невладиниот сектор по глава на жител во МКД расте од 59 МКД по глава на жител во 2010 до 130 МКД по глава на жител во 2015 година.
16. Во 2015 година во урбаните ЕЛС, трансферите кон невладиниот сектор заземаат 95%, а во руралните ЕЛС 5% учество. Од друга страна, структурата на вкупните расходи на урбани и рурални ЕЛС за истиот период 2010 – 2015 година е стабилен, во просек 87% за урбаните ЕЛС и 13% за руралните ЕЛС.
17. Групирани по статистички региони, за трансферите кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС, забележуваме дека најслаба реализација по години во просек имаат ЕЛС во Полошкиот регион што укажува на неефикасност во планирање на буџетските средства наменети за невладиниот сектор додека највисока ефикасност во буџетското планирање на трансфери до невладиниот сектор покажуваат ЕЛС во Пелагонискиот регион.
18. Ако ги анализираме трансферите кон невладиниот сектор по аналитички конта може да видиме дека просечно за периодот 2010 – 2015 година најмногу трансфери кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС на Македонија има кон спортските клубови (61%), а најмалку кон хуманитарните организации (0.4%).

19. Во однос на трансферите кон невладини организации од Централниот буџет можеме да заклучиме дека во 2011 и 2014 година има намалување на номиналната вредност на трансферите кон невладиниот сектор во однос на претходните години, додека пак во 2012 и 2013 година истите растат но со ниски стапки на раст. Сепак, трендот на раст продолжува во 2015 година со повисока стапка во однос на минатите години.

20. Во истиот период и ефикасноста на планирање на Централниот буџет на РМ во однос на овие трансфери е подобрена во оние години каде е забележан раст на трансферите. Процентот на овие трансфери во вкупните расходи од Централниот буџет бележи опаѓачки тренд со тоа што во 2015 година има стагнација.

21. Согласно секторската поделба на трансферите, повеќе од 2/3 од трансферите се наменети за спорт и рекреација. Трансферите наменети за попреченост/инвалидитет учествуваат со 6,15% во вкупните трансфери, додека пак веднаш после нив трансферите наменети за активности од областа на културата учествуваат со 5,58%. Најголем број на грантови (квантитативно), односно 442 од вкупно 919 грантови се доделени за спорт и рекреација. Значајна е и бројката од 142 доделени грантови за активности од областа на културата.

22. Од регионалниот преглед на намената на трансферите од ставка 463110 (Трансфери до Здруженија на граѓани и фондации) групирани по тип/сектор може да се заклучи следното:

    - Пелагонискиот регион издвојува најмногу парични средства во однос на другите региони како трансфери до Здруженија на граѓани и фондации (ставка 463110). Исто така, најголем број на грантови се доделени од овој регион или 206 грантови од вкупно 486 грантови од оваа ставка.
    - Во Вардарскиот регион најмногу парични средства т.е. 71,5% од вкупните трансфери од оваа ставка се исплаќаат за развој на граѓанското општество.
    - Во Источниот, Пелагонискиот и Полошкиот регион најмногу парични средства од оваа ставка се наменети за култура.
    - Во Југозападниот регион најмногу средства се наменети за активности за заштита на животните и животната средина.
    - Во Југоисточниот регион најмногу парични средства од оваа ставка односно 30,6% се издвојуваат за спорт и рекреација, додека пак во Скопскиот регион 27,3% се наменети за социјална (хуманитарна) грижа.
    - Во Североисточниот регион средствата се наменети единствено за активности на лица со попреченост/инвалидитет, односно од оваа ставка е доделен само еден грант во вредност од 1.550.000 денари.

## ПРЕПОРАКИ

1. Има потреба од анализа за утврдување на социоекономските и историските причини за спориот развој на Република Македонија кон втората фаза од транзицијата и кон когнитивниот општествен капитал.
2. Има потреба од поефикасно планирање на буџетите на ЕЛС особено на ЕЛС од Полошкиот регион.
3. Има потреба од намалување на растечкиот јаз од висината на трансферите кон невладиниот сектор кој се јавува помеѓу урбани и рурални ЕЛС. Има потреба од дополнителна анализа за да се утврдат причините за тој јаз.
4. Има потреба од дополнителна анализа за да се утврдат разликите кои се јавуваат помеѓу ЕЛС во статистичките региони во трансферите кон невладините организации во МКД по глава на жител.
5. Има потреба од дополнителна анализа на контото Останати трансфери кон невладините организации бидејќи тоа конто има значително учество од скоро 12% просечно за периодот 2010 – 2015 година во вкупните трансфери кон невладини организации.
6. Има потреба од дополнителна анализа за да се утврди асиметричноста во приоритетите на висината на трансферите според намена. На пример, просечно за периодот 2010 – 2015 година најмногу трансфери кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС на Македонија има кон спортските клубови (61%), а најмалку кон хуманитарните организации (0,4%). Здруженијата на граѓани учествуваат со 21% во вкупните трансфери, додека пак Грижа кон постари лица и хендикепирани деца учествува со 3,4% во вкупните трансфери просечно за периодот 2010-2015 година.
7. Потребна е поголема транспарентност и отчетност при доделувањето и распределбата на средствата за трансфери до невладини организации од централниот буџет и од буџетите на ЕЛС.
8. Има потреба од поефикасно планирање на трансферите до невладини организации од Централниот Буџет.
9. Има потреба од дополнителна анализа за конкретната намена и начинот на доделување на средствата за трансфери до невладини организации од Централниот буџет и од Буџетите на ЕЛС.
10. Има потреба од дополнителна анализа на резултатите постигнати од акциите поддржани од трансфери до невладини организации од Централниот Буџет и од буџетите на ЕЛС.
11. Има потреба од подетална анализа за да се утврдат разликите кои се јавуваат помеѓу ЕЛС во статистичките региони во однос на трансферите кон невладините организации во РМ.

## Executive summary

The purpose of this research is to identify the causes that drive the development of civil society organizations – CSOs,[1] associations and foundations in the statistical planning regions and municipalities in Republic of Macedonia as well as to identify the consequences of that development.

The research is part of the project: "*Decentralized civic initiatives for more efficient fiscal decentralization*" which is conducted by Center for Economic Analyses and supported by Civica Mobilitas. The project`s duration is 24 months and aims through analyzing the level of regional development of civil society initiatives to reach more efficient fiscal decentralization as well as balanced regional development of civil society.

## CONTEXT

1. According to the latest available data from Civicus – Civil Society Index for the period of 2009 to 2011 "*the Civil society in Macedonia is moderately developed*".

   According to the report of Index of sustainability of civil society organizations in Macedonia, "The general assessment (3.9), of the sustainability of civil society organizations in Macedonia in 2015 mainly declined, due to the political crisis that gripped Macedonia that year. Therefore, the downward trend of disrupting the enabling environment of civil society organizations continues".
2. If we analyze the geographical distribution of CSOs and foundations in 2013, we can see that most of the registered organizations i.e. 5,106 out of 13,099 or 39% are registered in Skopje region. The lowest number of registered organizations is in the Northeastern region, 767 or 6% of total number of registered organizations in the country. Moreover, this data shows us that the highest concentration of CSOs and thus potentially the highest level of influence we have in the Skopje region (see Annex).
3. Associations and organizations in the country are faced with a low share of philanthropy as a source of funding, low source from funding of membership fees and low level of citizen participation.
4. This is interesting because the low share of philanthropy as a source of funding, the low level of funding through membership fees and the low level of participation cannot explain the phenomenon of the proliferation of associations and citizens in the country.
5. One potential explanation is that the phenomenon of proliferation of associations and citizens in Macedonia is correlated with political elite activities as well as funding from donations from international sources including the EU funds. Therefore, the objectives of NGOs are not directed to the objectives of the wider social strata but are mostly directed to the objectives of the donor or to the objectives of the political elite.

1) In this research we will use CSO, foundations, NGO, nongovernment sector as synonyms for simplicity. Where necessary for formality reasons and for the context we will clearly separate among these.

6. Even though the NGO sector in Macedonia has acquired the capacity to influence the political elite (driven by and taking into account the financing structure with substantial absence of philanthropy and membership fees), still lack of alienation of NGOs with the objectives of the wider social strata is significant. This effect is not endemic in Macedonia or the countries of the region only, but is a reality in the countries of post-communist Europe (Fagan 2005, Bogdanovic 2016) as well.
7. On the other hand, according to the survey by International Republican Institute, the citizens in the country believe that CSOs have the least widespread corruption compared with the authorities, government bodies, political parties and judiciary.
8. It seems as there is a gap in terms of participation between the role of CSOs and foundations and Central and Local government in Macedonia. The funding mostly depends on donations and projects from International sources and less on domestic sources. The Central and Local government in the country see the participation of CSOs and foundations mostly as a need for confirmation of already prepared government documents and enacted policies rather than as a partnership and participation for more efficient, effective and economical public policies.
9. A potential explanation is that the country is stuck in the first phase of transition which depends on liberalization, privatization and deregulation. In Macedonia, the process of building social capital that is indispensable for the existence of a liberal society has not yet begun. The social capital is a basic pillar of the second generation of reforms, for which the basic units of measurement such as the rule of law, freedom of speech and independence of the institutions show a strong decline in the country in recent years to eventually be diagnosed as a captured state.
10. Therefore, in Macedonia the understanding of social capital in best case is still as a structured one that relies more on quantity i.e. on number of associations and foundations and not a cognitive social capital based on norms, culture, trust and networking.
11. The reasons for the slow development of the Republic of Macedonia to the second phase of transition, that should be the basis for cognitive social capital and which cannot be imposed with public policies, can be at least socio-economic, political or historical (post-socialist).

## FINANCING – DECENTRALIZED AND REGIONAL

12. For the funding of civil society organizations and foundations in Macedonia for the period of 2010 – 2015, statistically it is not significant the variation in population, but statistically significant is the type of LSGU i.e. whether it is urban or rural. If LSGU is urban than the CSOs and foundations have higher probability to be funded by LSGU.
13. The socio-economic variables statistically better represent the model of funding CSOs and foundations in the country rather than geographic-demographic variables.

14. For the funding of CSOs and foundations in Macedonia, the number of internet users is statistically significant, as well as the GDP in the region as well as the rate of the unemployment. The higher the GDP is, the higher the transfers from LSGUs to CSOs and foundations are. Moreover, the higher the unemployment rate is, the lower the transfers from LSGUs to the CSOs are. This is an interesting finding from the research which should be additionally explored.
15. For the period from 2010 to 2015, the transfers to the nongovernment sector from LSGUs are continuously growing with double-digit rates. In the same period, the budget efficiency planning from LSGUs of these transfers is growing as well. Namely, the realization regarding to the planned budget transfers increased from 69% in 2010 to 79% in 2015. The NGO transfers per capita grew up from 59 MKD in 2010 to 130 MKD in 2015.
16. In 2015, the transfers for NGOs from urban LSGUs participate with 95% and the transfers from rural LSGUs participate with 5% of total NGO transfers. On the other hand, the structure of total expenditures from rural and urban LSGUs for the same period (2010 – 2015) is stable, with average of 87% for urban and 13% for rural LSGUs.
17. Grouped by statistical regions, for the NGO transfers from LSGUs, we can notice that weakest budget realization by years have LSGUs in Polog region which indicates the inefficient budget planning allocated for the nongovernment sector. Hence, the most efficient budget planning to the nongovernment sector are showing the LSGU from Pelagonija region.
18. If we analyze the transfers to the nongovernment sector by budget items, we can see that for the period of 2010 – 2015, most of the transfers from LSGUs to NGOs are transfers for supporting sport clubs (61%) and the least for the humanitarian organizations (0.4%).
19. According to the NGO transfers from the Central budget, we can conclude that in 2011 and 2014 there is reduced nominal value of the NGO transfers compared to previous years, while in 2012 and 2013 they grow up but with lower growth rates. However, the growth trend continues in 2015 with higher rate than in the previous years.
20. In the same period, the efficiency of budget planning allocated to NGO is improving during the years. The proportion of NGO transfers and total expenditures from the Central budget records a downward trend, whereby in 2015 it is stagnating.
21. According to the sector division of transfers, more than 2/3 from the transfers is allocated for sport and recreation. Transfers allocated for disability/invalidity participate with 6.15% of total transfers, while transfers allocated for activities related to culture participate with 5.58%. The largest number of grants (quantitative), or 442 out of 919 are allocated for sport and recreation. Some 142 out of 919 grants are allocated for activities in the field of culture.
22. Conclusions arising from the regional review of transfers from sub-account 463110 (Accounting classification in the LSGU budget: Transfers to civil society organizations and foundations) grouped by type/sector:

- The Pelegonija region municipalities allocate the largest amount of funds as transfers to CSOs and foundations (sub-account 463110) compared to the other regions. Furthermore, the majority of grants are given by this region, or 206 out of 486 from this account.
- In the Vardar region the largest amount of funds i.e. 71.5% of the total transfers from this account are allocated for civil society development.
- In the East, Pelegonija and Polog regions, the largest amount of funds from this subaccount is allocated for activities in the field of culture.
- In the Southeast region, the largest amount of funds is allocated for activities related to environmental and animal protection.
- In the Southeast region, the largest amount of funds or 30.6% is allocated for sport and recreation, while in Skopje region 27.3% of total transfers are allocated for social (charity) care.
- In the Northeast region, the funds are allocated only for activities for people with disabilities which means, there is only one grant from this account in amount of 1,550,000 MKD.

## RECOMMENDATIONS

1. There is a need for analysis to determine the socio-economic and historical reasons for the slow development of the country to the second stage of transition towards cognitive social capital.
2. There is a need for more efficient planning of Local Self Government Units (LSGUs) budget especially the LSGU of the Polog region.
3. There is a need to reduce the growing gap of the amount of transfers to NGOs which occurs between urban and rural LSGUs. There is a need for additional analysis to determine the reasons for the gap.
4. There is a need for additional analysis to determine the differences of NGOs` transfers per capita by LSGUs in different statistical regions.
5. There is a need for additional analysis of the account "*Other transfers to NGOs*" because that account has a significant participation of 12% average for the period 2010 - 2015 of the total transfers to NGOs.
6. There is a need for additional analysis to determine the asymmetry in the priorities of the amount of transfers by purpose. For example, for the period 2010 – 2015, most of the transfers by LSGUs to NGOs are transfers for supporting sport clubs (61%) and the least for humanitarian organizations (0.4%). The civil society organizations participate with 21% of total transfers, while the organizations representing people with disabilities participate with 3,4% for the period 2010 - 2015.

7. There is a need for higher transparency and more accountability in assignment and allocation of funds for transfers to NGOs from central budget and from LSGU budgets.
8. There is a need for more efficient planning of transfers to NGOs by central budget.
9. There is a need for additional analysis about the specific purpose and criteria for funds allocation to the NGOs from the central budget and budgets of LSGU.
10. There is a need for additional analysis about the results achieved by the activities supported by Central government and LSGUs.
11. There is a need for additional analysis to determine the differences of NGOs` transfers that occur among LSGU at statistical regions.

## Вовед

Целта на ова истражување е идентификување на причините кои го движат развојот на граѓанските организации - ГО и фондации во регионите и во општините на Република Македонија како и идентификување на последиците од таквиот развој. Развојот на граѓанските организации и фондации се анализира според регионалната статистичка организација на Република Македонија на осумте статистички плански региони согласно Законот за рамномерен регионален развој и на територијалната поделба на 80 единици на локална самоуправа – ЕЛС согласно Законот за територијална организација на локалната самопуправа во Република Македонија и затоа ова истражување го нарекуваме истражување за децентрализирано влијание на ГО. Ова истражување за децентрализираното влијание на ГО, предвидено е да биде континуиран процес од кој се очекуваат и странични аутпути во согласност со наодите кои ќе произлезат од истражувањето во форма на "студии на случај".

Истражувањето е дел од проектот *"Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество"* што го спроведува Центарот за економски анализи и е финансиски поддржан од Цивика Мобилитас. Проектот е со времетраење од 24 месеци и има за цел преку анализа на степенот на регионален развој на граѓанските иницијативи да се дојде до поефикасна фискална децентрализација на граѓанското општество и порамномерен регионален развој на граѓанското општество.

Истражувањето се заснова на анализа на неколку сегменти и тоа:

- Моменталната состојба за степенот на развој на граѓанското општество прикажана преку преглед на двата индекси за развој на граѓанското општество (Цивикус – индексот на граѓанското општество и Индексот на одржливост на граѓанските организации).
- Поддршката за развој на граѓанското општество од страна на единиците за локална самоуправа – ЕЛС и централната власт – ЦВ прикажана преку анализа на завршните сметки на буџетите на ЕЛС и ЦВ и ставката трансфери до невладини организации и здруженија (износот на доделените средства, нивната намена и степенот на реализација).
- За добивање на поконкретни информации за поддршката од ЕЛС и ЦВ наменета за граѓанските организации и здруженијата и поконкретна класификација на трансферите анализирани се и добиените одговори (вкупно добиени одговори од 57 општини) на Барања за пристап до информации од јавен карактер – БПИЈК. Врз основа на одговорите направена е секторска и регионална анализа на трансферите до невладини организации.

- Идентификување на потребите и детерминантите на граѓанското општество за поефективно учество во носењето на локалните политики, идентификување на детерминантите за (не)рамномерен регионален развој на граѓанското општество прикажано преку анализа на резултатите од теренско истражување и онлајн прашалник.

Понатаму во документот ќе бидат опишани наодите од секое од овие техники за истражување.

## Методологија

Истражувањето се заснова на информации добиени од примарни и секундарни извори со фокус на соработка и размена на знаење со организациите кои се критична маса и се дел од *"семејството"* на ЦМ (Цивика Мобилитас).

За прибирање на примарни податоци се користени следните истражувачки техники:

- За утврдување на висината на средствата кои се планирани, реализирани и исплатени на ГО како и за најчесто поддржаните активности на ГО од страна на ЕЛС и Централната власт, користени се Барања за пристап до информации од јавен карактер – БПИЈК од сите 80 ЕЛС и Град Скопје како посебна ЕЛС, по основ на финансиските информации за подставки од ставка 463 Трансфери до невладини организации според Правилникот за приходи за 2015 и 2016 година. Истите информации се побарани и на ниво на Централна власт односно од Министерството за финансии.
- Online анкета (прашалник) подготвена од ЦЕА испратена до сите грантисти на Цивика. Анализата на резултатите од оваа анкета ќе бидат публикувани наскоро.
- Со цел добивање на директни и структуирани информации и податоци од ГО како и можни дополнитени прашања кои ќе произлезат од анкетата направени се и директни интервјуа (отворени структурирани) кои ќе опфатат ГО од сите 8 статистички плански региони.

Како секундарни извори на податоци се користат:

- Податоците за планирани и реализирани финансиски средства од ставка 463 Трансфери до невладини организации од Завршните сметки на ЕЛС
- Податоците за планирани и реализирани финансиски средства од ставка 463 Трансфери до невладини организации од Завршната сметка на ЦВ

Обработката на добиените податоци се состоеше од квалитативна анализа на податоци на online - анкетата, интервјуата и содржина извлечена од секундарните извори на податоци. Исто така направена е и квантитативна економетриска панел регионална анализа на финансирањето на невладините организации преку географско-демографски економетриски панел модел и преку социо-економски економетриски панел модел.

Исто така со цел да биде претставена појасна слика за состојбата на граѓанското општество во Македонија направен е и краток преглед и презентација на резултатите од два индекси за состојбата на граѓанското општество: Цивикус - Индексот на граѓанско општество и Индексот на оддржливост на граѓанските организации.

## Граѓанско општество во Република Македонија

Оваа анализа нема амбиција да го анализира во детали секој аспект од развојот на здруженијата и фондациите во Република Македонија но сепак ќе илустрираме некои аспекти за кои сметаме дека ќе дадат еден провизорен контекст за полесно разбирање на наодите од нашата анализа како и за полесно разбирање на цивилниот сектор во Република Македонија.

Следејќи ги номиналните заложби на политичките претставници, Република Македонија се залага за либерална демократија иако исходот од тие заложби денес е констатирана заробена држава со што се поставуваат одредени ограничувања и за развојот на здруженијата и фондациите во Република Македонија[2].

Имено, проблемот може да се разгледува од аспект на доброто управување и детектираните недостатоци кои Република Македонија ги има со стеснување на слободата на говорот и на отчетноста, политичка (не)стабилност, владина (не)ефективност, (не)квалитетот на регулаторната функција, (не)владеењето на правото и (не)контролата на корупцијата во последните години. Во таа смисла изгледа дека Република Македонија се уште е заглавена (ако се има во предвид и политичката реторика) некаде во првата генерација на реформи кон ефикасна пазарна економија и либерална демократија која почива на либерализација, приватизација и дерегулација[3]. Во Република Македонија не е започнат процесот на градење на општествениот капитал кој е услов без кој не се може во едно либерално општество (Fukuyama 2011). Тој општествен капитал[4] е основен стопб на втората генерација на реформи, а за кои основните мерни единици како владеењето на правото, слободата на говорот и независноста на институции бележат силен пад во Република Македонија во последните години за на крај да бидеме дијагностицирани како заробена држава.

Општествениот капитал има две појавни форми. Едната појавна форма е структурен општествен капитал, кој ги опфаќа мрежите, здруженијата и институциите, и втората појавна форма е когнитивниот општествен капитал, кој ги опфаќа субјективните и нематеријалните елементи како субјективноста и однесувањето, заедничките вредности, реципроцитет и довербата (trust)[5].Оттука здруженијата и фондациите треба да играат

2) Внимателно со оваа констатација бидејќи можеби каузалноста е двосмерна во смисла на тоа дека токму недостатокот на „ефикасно" цивилно општество е каузално врзано како причина за лошо постигнатите резултати на Република Македонија како либерална демократија.
3) Види повеќе во: Svejnar, J. (2002). Transitional economies: Challenges and perspectives.
4) За општествениот капитал, појавните форми и мерењето во Македонија види повеќе во: Кекеновски, Узунов, Николов (2006). Трансакциони трошоци во македонската економија. ФИООМ.
5) Ibid.

важна улога како културна компонента во македонското општество но треба да овозможат и намалување на трансакционите трошоци во македонската економија. **Затоа сметаме дека оваа анализа е добра платформа за прво да се разбере кој е номиналниот профил на здруженијата и фондациите во Република Македонија, колкави се финансиските извори од централната и локалната власт, каква е нивната регионална дистрибуција, а потоа од таму да се црпат приоритети за натамошни непристрасни студии и анализи со крајна цел полно заживување на Член 20 од Уставот на Република Македонија каде е гарантирано правото на здружување на граѓаните на Република Македонија.**

### Уставна и законска основа на здруженија и фондации

Правото на здружување на граѓаните на Република Македонија е гарантирано со Уставот на Република Македонија Член 20: *„На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.“*

Понатаму, со Законот за здруженија и фондации – ЗЗФ[6] се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Република Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес. Според законот *"Организација" е секое здружение, фондација, сојуз, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани согласно со одредбите на овој закон.*

Според извештајот на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот јуни 2012 - декември 2014: *"Новиот Законот за здруженија и фондации беше донесен во 2010 година и оттогаш се наметна потребата од континуирано следење на Законот, како најсуштински кој директно го доразработува правото на слободно здружување. Иако предвидени во Стратегијата, сè уште не се преземени активности за следење на спроведувањето на ЗЗФ, ниту пак подготвена е анализа на потребите од негово подобрување од страна на Министерството за правда."*[7]

Прибирањето на податоци за граѓанските организации главно го врши институцијата Централен регистар на Република Македонија – ЦРМ кој овозможува регистрација согласно ЗЗФ. Податоците од ЦРМ не се јавно достапни и за нив се наплаќа. Бројот на регистрирани граѓански организации и здруженија во 2013 година според податоците од ЦРМ изнесува 13.099.

6) Закон за здруженија и фондации Службен весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010 година
7) Огненовска, С. (2015) Документ за јавни политики: Извештај за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот јуни 2012 - декември 2014 [Интернет] Скопје, МЦМС. Адреса https://goo.gl/PXewZh посетена на 14.12.2016

## Територијална дистрибуција на здруженија и фондации

Ако ја анализираме геграфската распределба на здруженијата и фондациите во 2013 година можеме да забележиме дека од вкупно 13.099 регистрирани организации најголем број односно 5.106 или 39% се регистрирани во Скопскиот регион, а најмал е бројот во североисточниот плански регион, 767 или 6% од вкупно регистрирани организации во Република Македонија. Овој податок дополнително ни укажува дека најголема концентрација на граѓански организации, а со тоа и потенцијално најголем степен на нивно влијание имаме во Скопскиот регион.

### Графикон 1а:

Географска распределба на здруженијата и фондациите на крајот од 2013 година




*Извор: Податоците се добиени од ЦРМ за потребите на истражување спроведено од МЦМС*

Наредниот Графикон 1б укажува дека на 1000 жители просекот за Македонија е 6 здруженија на граѓани и фондации. Помалку од просекот имаат полошкиот и северноисточниот регион, а над македонскиот просек има скопскиот регион.

**Графикон 16:**
Географска распределба на здруженијата и фондациите на крајот од 2013 година на 1000 жители




*Извор: Податоците се добиени од ЦРМ и од ДЗСза потребите на истражување спроведено од МЦМС*

На графикон 2 е прикажана концентрацијата на граѓанските организации во урбаните односно руралните средини. Од истиот можеме да заклучиме дека бројот на организации регистрирани во руралните средини е релативно мал односно изнесува 9% од вкупниот број на регистрирани организации во Република Македонија.

**Графикон 2:**
Распределба на граѓански организации според средина - Урбана/Рурална во 2013 година




*Извор: Податоците се добиени од од ЦРМ за потребите на истражување спроведено од МЦМС*

## Профил и околина за развој и работа на здруженија и фондации

Според извештајот на МЦМС за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија 2015 *"постои зголемување на бројот на регистрирани граѓански организации (здруженија и фондации)"*. Во регистарот се запишани вкупно 14.245 организации во 2015 година, наспроти 2014 година кога биле регистрирани 13.656 организации. Во 2015 година во ЦРМ само 3.938 организации поднеле завршна сметка односно дале изјава. Ако како активни организации ги сметаме оние кои поднеле завршна сметка или дале изјава, тогаш вкупно активни организации во 2015 година се 3.938, од нив 1.388 поднеле завршна сметка и 2.550 поднеле само изјава/одлука"[8]. Овој податок можеби укажува и дека само 1.388 или 9,7% од организациите во 2015 година оствариле приходи поголеми 153.750 МКД[9].

Во однос на институционалната соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор оваа година Европската Комисија - ЕК има посветено голем број на содржини во Извештајот за Македонија за 2016 година[10]. Имено ЕК ги нотира неповолната општествена клима и стравот како основни карактеристики на средината во која делуваат граѓанските организации и активисти како жртви на постојани жестоки и непримерени критики од политичарите во некои медиуми. Исто така, поради политичката и општествена криза во Извештајот на ЕК се нотирани и политичката поларизација и поделби меѓу провладини и анти-владини граѓански структури.

Во Извештајот покрај новите се наведени и многубројни забелешки за нефункционалната соработка меѓу Владата и ГО кои се повторуваат повеќе години со ред. Тука може да се набројат:

- *ГО продолжија да изразуваат сериозна загриженост за тешката средина и клима на страв во која тие работат.*
- *Тие и понатаму пријавуваат дека се предмет на жестоки и непримерени критики од политичарите во некои медиуми.*
- *По аболицијата од претседателот Иванов, ГО организираа бројни протести кои ги надминаа етничките линии и направија напори за зајакнување на демократските процеси со цел да се обезбеди поголема контрола и рамнотежа на власта.*
- *Група на ГО подготви „Предлог за итни демократски реформи"[11] во јули 2016 година*
- *Исто така, може да се забележат политичка поларизација и поделби меѓу ГО кои ја поддржуваат Владата и оние кои и се спротивставуваат.*

8) Огненовска, С Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија 2015 / Симона Огненовска. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
9) Според законот за за сметководството на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2003, 17/2011 и 154/2015) организаијата чијашто вкупна вредност на имотот или годишниот приход е помал од 153.750 МКД (2.500 ЕУР), не се обврзани да составуваат финансиски из- вештаи.
10) Види повеќе на https://goo.gl/I7hKkt (2016 Извештај на ЕК за напредокот на Македонија)
11) Види повеќе на: http://cea.org.mk/wp-content/uploads/2016/11/Blueprint_MK_za_WEB.pdf.

- *Некои ГО известија за целни истраги и повреда на нивната приватност од агенциите за спроведување на законите, кога изразиле несогласување со Владата за сензитивни политички прашања.*
- *Во текот на протестите (познати како „Шарената револуција“), поедини членови беа казнети или повикани на суд заради граѓанска непослушност.*
- *Постои ограничена посветеност на Владата за дијалог со граѓанското општество. Нивното вклучување во креирањето на политиките и законодавството е недоволно иако има некои натамошни напори од Секретаријатот за европски прашања.*
- *89 Граѓански Организации изразија сериозна загриженост за процесот на формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор, особено во врска со недостатокот на консултативен процес и процес на селекција на претставници на граѓанското општество.*
- *Локалните власти и натаму имаат недоволен капацитет за соработка со ГО.*
- *Имплементацијата на Стратегијата засоработка со граѓанското општество 2012-2017 е спречена од несоодветен административен капацитет и недостаток на средства на владината организациона единица за соработка со ГО.*
- *Се уште не е усвоена обврзувачка рамка за стандардни правила за државно финансирање на граѓанското општество, а државните алокации за ГО остануваат недоволни. Се уште не постои целосно функционална правна рамка согласно Законот за здруженија и фондации.*
- *Акцискиот план 2015-2017 се уште не е усвоен*

ЕК во извештајот како битен напор на граѓанските организации за помош во решавање на кризата го наведува и т.н. Блупринт, односно документ изработен од група организации и експерти кој предлага итни мерки за излез од кризата насловени како *„Предлог за итни демократски реформи“*[12].

### Мерење на развојот и работата на здруженијата и фондациите

Следењето на развојот на здруженијата и фондациите во Република Македонија се одвива преку соодветни индекси. Тоа се Индексот на граѓанското општество (ИГО) како метода за истражување и проценка на состојбата на граѓанското општество во повеќе земји низ светот во изминатиот период како и Индексот за одржливост на граѓанските организации развиен од Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД).

**Индексот на граѓанското општество има за цел и да обезбеди простор за граѓанското општество да ги разгледа своите силни страни и слабостите и да даде препораки за**

12) Ibid.

**активности со цел зајакнување на секторот.** Првиот ИГО се спроведе во периодот 2004 - 2006, а вториот меѓу 2009 и 2011. Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го координира и го спроведе *Цивикус - Индексот на граѓанското општество* во Република Македонија и во двете фази.  Со ИГО се собираат и споделуваат знаења меѓу засегнатите страни на граѓанското општество, што придонесува кон зголемувањето на капацитетот и посветеноста на граѓанското општество за позитивни општествени промени.

**Индексот за одржливост на граѓанските организации на УСАИД се спроведува во РМ од 2015 година во партнерство со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН).** Индексот за одржливост на граѓанските организации е клучна аналитичка алатка за мерење на напредокот на граѓанскиот сектор во Централна и Источна Европа и Евроазија. Со индексот се следи напредокот на граѓанското општество во дваесет и девет земји во последните деветнаесет години.

Понатаму ќе го презентираме развојот на ГО во РМ преку прегледот на гореопишаните индекси на граѓанското општество.

## Преглед на индекси на Граѓанското општество

За да биде претставена појасна слика за состојбата на граѓанското општество во Македонија односно развојот на ГО, подолу накратко даваме преглед на резултатите од двата индекси за состојбата на граѓанското општество: Цивикус индексот на граѓанско општество, кој го спроведува и координира МЦМС и Индексот на одржливост на граѓанските организации, развиен од Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) кој го спроведува Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН).

## Цивикус – Индекс на граѓанско општество

Според последните достапни податоци од Цивикус - индексот за граѓанско општество за периодот 2009 - 2011 година, *граѓанското општество во Македонија е умерено развиено. Димензиите за нивото на организација и практикувањето вредности ја сочинуваат посилната страна на граѓанското општество. Практикувањето вредности, ненасилството и толеранцијата, се со релативно високо оценета транспарентност. Влијанието на граѓанското општество врз општествените проблеми и политики е умерено или просечно, а граѓанскиот ангажман е мал. Надворешната околина во која дејствува македонското граѓанско општество е делумно позитивна за неговиот развој*".[13]

Со овој индекс, состојбата на граѓанското општество се проценува преку мерење на следните негови димензии:

13) http://www.mcms.org.mk/images/docs/2011/dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazman-rezime.pdf

***Граѓански ангажман:*** Степенот до кој поединците се вклучени во општествени иницијативи;

***Ниво на организација:*** Степенот на институционализација што го карактеризира граѓанското општество;

***Практикување на вредности:*** Степенот до кој граѓанските организации практикуваат некои од основните вредности;

***Перцепција на влијание:*** Степенот до кој граѓанското општество е способно да влијае на општествената и политичката арена, согласно внатрешната и

***Надворешна околина:*** Условите (на пр. социоекономски, политички и културни варијабли) во кои дејствува граѓанското општество.

*Секоја димензија е сочинета од поддимензии и показатели за кои се добиваат податоци преку: истражување на јавноста преку репрезентативен национален примерок, анкета на граѓанските организаци, интервјуа со клучни личности, студии на случај, но и повеќе расправи меѓу различните актери во општеството.*[14]

**За целна група** на истражувањето се сметаат: општата јавност, ГО, државните институции, медиумите и деловниот сектор.[15]

На наредните графици е прикажана состојбата на граѓанското општество преку неговите димензии за Македонија и Западен балкан за периодот 2004 – 2006 година и периодот 2009 – 2011 година.

**Графикон 3.**

Дијамант на граѓанско општество за Македонија




*Извор: МЦМС – Цивикус Индекс на граѓанското општество за Македонија*

Понатаму даваме преглед на состојбата на граѓанското општество на другите земји од Западен балкан во споредба со Македонија. На следниот графикон, се прикажани вредностите на петте димензии кои служат за проценка на состојбата на граѓанското

14) http://mcms.org.mk/images/docs/2010/samopercepcija-za-graganskoto-opstestvo-2010.pdf
15) http://www.civilsocietylibrary.org/CSL/1296/

општество за вкупно четири земји од Западен балкан: Албанија, Хрватска, Косово и Македонија.[16]

**Графикон 4:**
Цивикус – Индекс на граѓанско општество за земјите од Западен балкан




| | Албанија | Хрватска | Косово | Македонија | Просек* |
|---|---|---|---|---|---|
| Граѓански ангажман | 44,3 | 39,5 | 44 | 45 | 43,2 |
| Ниво на организација | 57,9 | 60 | 70,7 | 59,8 | 62,1 |
| Практикување вредности | 62,4 | 41,1 | 59,4 | 57,7 | 55,2 |
| Перцепција на влијание | 50,1 | 41,4 | 31,9 | 45,7 | 42,3 |
| Околина | 59,8 | 61,9 | 51,3 | 56,5 | 57,4 |

*Просек од држави од Западен Балкан

*Извор: Пресметка на авторот со податоци од Извештаите на земјите за Цивикус – Индекс на граѓанско општество*[17]

Она што може да се забележи од Графикон 3 укажува на тоа дека Македонија не отстапува многу во однос на димензиите од просекот на земјите од Западен Балкан. **Граѓанскиот ангажман** го мери степенот до кој поединците се вклучуваат во општествени иницијативи и иницијативи поврзани со политики. Во сите четири земји граѓанскиот ангажман е најниско вреднуван како последица на малиот број вклучени граѓани во граѓанските организации и зголеменото учество на граѓаните во неформалните активности заради промовирање на заеднички интереси.

Во Македонија и Косово највиско вреднувана димензија е **нивото на организација** која е опишана преку степенот на институционализација кој го карактеризира граѓанското општество и е релативно висок во однос на другите димензии. Како вредности на нивото на организација, секторската комуникација и соработка преку размена на информации, знаења и искуства меѓу граѓанските организации, како и вмрежувањето, се оценети високо во сите четири земји додека пак неодржливите човечки ресурси и меѓународните врски се најслаби страни.

**Практикувањето на вредности** го одредува степенот до кој граѓанското општество практикува некои основни вредности при што опфаќа пет поддимензии: демократско

16) Останатите земји од Западен балкан: Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора го немаат спроведено индексот за граѓанско општество за периодот 2009 – 2011 година
17) http://www.civicus.org/index.php/media-center/reports-publications/csi-reports/europe

носење одлуки; работни односи; кодекс на однесување и транспарентност; стандарди за животната средина и перцепција за вредностите во граѓанското општество во целина. Кодексот на однесување и транспарентност и демократското носење одлуки односно дека главните одлуки за организациите ги носат избрани управни одбори, избран претседател или директор ја претставува појаката страна во Македонија, Косово и Албанија. Работните односи кои даваат слика за правата на вработените и за политиките кои произлегуваат и се однесуваат на работниот однос во граѓанските организации,како и практикување на стандардите за заштита на животната средина е најниско оценети во Македонија.

Преку **перцепцијата на влијание** се анализира колку успешно граѓанското општество е во остварувањето да влијае врз општеството и политиката според внатрешната и надворешната перцепција. Влијанието на општествените проблеми и политики е просечно додека пак влијанието на граѓанското општество врз ставовите во општеството е многу ограничено. Највисокото влијание на граѓанското општество се гледа во оспособувањето на граѓаните и промовирањето политики за човекови права и еднаквост. Надворешните чинители (претставници од извршната, законодавната и судската власт, приватниот сектор, медиумите и академските институции) го оценуваат влијанието на граѓанското општество малку повисоко од внатрешната самооценка на граѓанските организации.

**Околината** во која граѓанското општество постои и дејствува се разгледува од три аспекти:

- *Социо-економски контекст - се анализираат аспектите на социјалната и економската ситуација во земјата и нивното влијание на граѓанското општество и колку многу социоекономските услови во земјата претставуваат пречка за ефективно функционирање на истото;*
- *Социо-политички контекст - ги анализира оценките од политичките права и слободи, владеење на правото и лични слободи, слобода на здружување и организациски права, искуство со законска рамка и ефективност на државата;*
- *Социо-културен контекст - проценува колку се корисни или штетни социокултурните норми во земјата за граѓанското општество, преку оценка на довербата, толеранцијата и јавниот дух во земјата*[18].

Организациите во Македонија, Хрватска и Албанија делуваат во релативно подобар социоекономски и социополитички контекст споредено со социокултурниот контекст.

## Индекс на одржливост на Граѓанските организации

Овој индекс ја мери силата и целокупната одржливост на секторите на граѓанското општество. Индексот не е наменет за да се измери одржливост на индивидуалните

18) http://www.mcms.org.mk/images/docs/2011/dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazman-analiticki-izvestaj.pdf.

организации, туку да се оцени целокупното ниво на развој на граѓанскиот сектор во целина. На наредните графикони ги презентираме резултатите од овој индекс.

**Графикон 5:**
Одржливост на граѓански организации во Македонија за 2015 година




*Извор: Извештај за Индекс за одржливост на граѓанските организации во Македонија 2015 на БЦСДН (Балканска мрежа за развој на граѓанското општество*

**Графикон 6:**

Одржливост на граѓанските организации во Макдонија за периодот 1997 – 2015 година




*Извор: Извештај за Индекс за одржливост на граѓанските организации во Македонија 2015 на БЦСДН (Балканска мрежа за развој на граѓанското општество*

Според извештајот за Индексот на одржливост на граѓанските организации во Македонија: *"Генералната оценка (3.9), за одржливоста на граѓанските организации во Македонија за 2015 година бележи пад, главно поради политичката криза која ја зафати Македонија истата година. Имено, продолжува надолниот тренд на попречување на овозможувачката околина за граѓанските организации"* [19].

19) Извештај за Индекс за одржливост на граѓанските организации во Македонија 2015 на БЦСДН (Балканска мрежа за развој на граѓанското општество, Интернет (https://goo.gl/sKkzAO) проверено на 14.12.2016

Седум различни димензии на граѓанскиот сектор се анализирани во Индексот на одржливост на ГО. Секоја димензија се оценува со скала од 1 до 7, каде што 1 означува највисоко напредно ниво, а 7 најниско ниво на развој[20].

### 1) Правно опкружување

Оваа димензија опфаќа неколку индикатори а дел од нив се следните:

- Регистрација (Дали постои одредена законска регулатива за граѓанските организации, дали граѓанските организации лесно можат да се регистраат за работа, дали постојат одредени организации кои имаат потешкотии во регистрацијата во однос на другите итн.);
- Работење на организацијата (внатрешно управување, финансико известување како и обемот на работа е детално опфатено во тековното законодавство итн.);
- Административни пречки (Дали граѓанските организации и нивните членови можат слободно да работат во рамките на законот, Дали постои вмешување на Централната власт, Локалната власт и полицијата во работата на организациите итн.);
- Оданочување (Дали постојат одредени даночни ослободување на приходите од донации за граѓанските организации, Дали постојат одредени даночни олеснувања за физичките или корпоративните донатори итн).

Според Извештајот за индекс за одржливост на граѓанските организации во Македонија, 2015 година на БЦСДН, оценката за Македонија за правното опкружување е 3,7 и тоа се должи на *"Честото менување на законите, вклучувајќи ги и оние кои го регулираат привременото и хонорарното работење кои создадоа правна несигурност, влошувајќи ја општата правна околина во која делуваат граѓанските организации (ГО)".*

### 2. Организациски капацитет

Оваа димензија го мери организацискиот капацитет на граѓанските организации односно, дали иницијативите на граѓанските организации се однесуваат на нивните конституенти, колку граѓанските организации се успешни во процесот на constituency building. Исто така, во оваа димензија се опфатени и стратешкото планирање на граѓанките организации, внатрешното управување, персоналот и техничкиот напредок.

Според извештајот за Индекс на одржливост на граѓанските организации во Македонија, 2015 година на БЦСДН, оценката за Македонија во оваа димензија изнесува 3,8 и не отстапува значително од просекот во однос на минатите години.

### Финансиска одржливост

Со оваа димензија се опфатени начините и процесите на прибање на средства за граѓанските организации поточно дали граѓанските организации имаат значителен про-

20) За повеќе информации види
https://www.usaid.gov/sites/default/files/documents/1861/Europe_Eurasia_CSOSIReport_2015_Update8-29-16.pdf

цент на финансирање од локални извори, дали имаат доволно финансиски ресурси да останат одржливи во блиска иднина, дали граѓанските организации остваруваат приходи од наемнини и други економски активности, дали граѓанските организации имаат систем за финансиски менаџмент итн.)

Според извештајот за Индекс на одржливост на граѓанските организации во Македонија, 2015 година на БЦСДН, оценката за Македонија во оваа димензија изнесува 4,4 и е *"незначително подобрена и се уште ги прави ГО финансиски ранливи на долгорочен план. Финансиите во најголем дел доаѓаат од надворешни извори (ЕУ, УСАИД, СДЦ, Амбасадите на Велика Британија и кралството Холандија). Државната поддршка е незначителна и не ги задоволува потребите на секторот. Добивките од лотарии и натаму се распределуваат преку нетранспарентна процедура".*

## Застапување

Оваа димензија ги опфаќа политиките на застапување на граѓанските организации, соработката на граѓанските организации со Централната и Локалната власт, активностите за лобирање и учество во донесувањето на политики итн.

Според извештајот за Индекс на одржливост на граѓанските организации во Македонија, 2015 година на БЦСДН, оценката за Македонија во оваа димензија изнесува 3,6 односно *"директната комуникација меѓу владата и граѓанските организации е намалена, а барањата за средби и информации биле игнорирани или едвај прифатени. Граѓанските организации не најдоа добар сојузник во владата при формирањето на Советот за соработка меѓу владата и граѓанскиот сектор, како и во однос на нацрт-Одлуката за финансирање здруженија и фондации од државен буџет, поради одбивањето или игнорирање на предлозите на граѓанските организации за двете одлуки од страна на владата. Исто така, ГО се уште не се вклучени во работните групи за ИПА фондовите. Влошено е и вклучувањето на граѓанските организации во креирањето на политики, а за тоа говори и фактот дека до крајот на 2015 година, 442 (66%) од законите биле донесени по брза постапка".*

## Обезбедување на услуги

Со оваа димензија се опфатени услугите кои ги обезбедуваат граѓанските организации во најразлични полиња како услуги во здравство, еконосмки развој, образование, енергетика итн. и дали тие услуги се рефлектираат на потребите на општеството.

Според извештајот за Индекс на одржливост на граѓанските организации во Македонија, 2015 година на БЦСДН, оценката за Македонија во оваа димензија изнесува 3,8 односно *"Обезбедувањето на услуги од страна на граѓанските организации е недоволно и често не успеваат да ги задоволат сите потреби на корисниците поради недостиг на средства. Различни услуги се обезбедени за социјална заштита на деца, личности со хендикеп и маргинализирани групи, и организациите ретко заработуват од услугите што ги нудат".*

## Инфраструктура

Во оваа димензија се опфатени партнерствата мегу граѓанските организации, соработката меѓу граѓанските организации и градењето коалиции, обуки, регрантирање, дали постои ресурсен центар за граѓански организации, локални граѓански организации кои даваат грантови итн.

Според извештајот за Индекс на одржливост на граѓанските организации во Македонија, 2015 година на БЦСДН, *"Состојбата со инфраструктурата е речиси иста како во 2014 (3,3). Во рамките на програма Цивика Мобилитас, МЦМС додели вкупно 45 грантиви во износ од 1,9 милиони УСД, додека ФООМ (вклучувајќи го проектот на УСАИД за граѓанско општество) додели 41 грант во износ од 1.273.960 УСД. Четири конзорциуми на ГО доделија грантови од Делегацијата на ЕУ за финансирање помали проекти, во просек меѓу 3.000 и 5.000 евра од проект. Сите грант програми, како и ЕУ ТАКСО проектот нудат тренинзи, услуги и информации за организациите, лично и преку нивните веб-страници. ГО често споделуваат информации преку меилинг листата на ТАКСО и преку тематски коалиции".*

## Имиџ во јавноста

Оваа димензија ја опфаќа медиумската покриеност, перцепцијата на бизнисот, јавноста и власта за граѓанските организации, активности кои ги превземаат ГО за промовирање на нивниот јавен имиџ. Според извештајот за Индекс на одржливост на граѓанските организации во Македонија 2015 на БЦСДН оценката за Македонија во оваа област е (4,4) и *"имиџот во јавноста на граѓанските организации и натаму се влошува. Против граѓанските организации се водеше црна кампања предводена од провладините медиуми. Од тие причини, процентот на граѓани кои имаат доверба во граѓанскиот сектор има значителен пад од 59,3% во 2013 година, на 50,5% во 2015 година".*

**Графикон 7.**

Индекс на одржливост на граѓански организации за Југоисточна Европа за периодот 2013 – 2015 година




*Извор: The 2015 CSO Sustainability Index for Central and Eastern Europe and Eurasia*

Целокупната одржливост на ГО во земјите во Југоисточна Европа во голема мера е непроменет во 2015 година, освен во Македонија каде се забележани промени во

целокупната одржливост. Целокупната одржливост е влошена во Македонија, како резултат на тешката политичка ситуација со која се ограничува граѓанскиот простор, како што е опишано погоре. Во регионот, Македонија се наоѓа на шестото место, веднаш по Косово, заедно со Србија, Црна Гора и Романија.

## Трансфери до невладини организации од буџетите на ЕЛС во Република Македонија

### *ЕЛС во Република Македонија*

Република Македонија по 2014 година има 80 единици на локална самоуправа и Градот Скопје како посебна единица. Пред 2014 година беа 84 единици на локална самоуправа-ЕЛС и Градот Скопје како посебна единица.

На наредната табела илустрираме основни податоци за ЕЛС во Македонија.

**Табела 1.**

Дескриптивна статистика на населението по км$^2$ на површината на Локалните власти во Македонија

| | Население по км$^2$ |
|---|---|
| Просечна вредност | 466 |
| Медијана | 59 |
| Максимум (Чаир ЕЛС) | 16.193 |
| Минимум (Новаци ЕЛС) | 5 |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Државен завод за статистика*

Како што е прикажано во табела 1, просечната вредност на населението по км$^2$ на површината на општините во Македонија изнесува 466. Сепак, опсегот на минималната и максималната вредност по км$^2$ се движи помеѓу минимум 5 жители по км$^2$ до максимум 16.193 жители по км$^2$. Средната вредност или медијаната е пониска од просечната вредност, што значи дека поголемиот дел од ЕЛС во Македонија имат помала национална густина од просечната.

Во табела 2 е прикажана распределбата по општините во Македонија. Може да се забележи дека 41% од населението живее во 62 општини (од вкупно 80) со помалку од 40.000 жители. Исто така, 41% од населението во Македонија живее во дополнителни 14 општини од вкупно 80 со број на жители помеѓу 40.000 и 80.000. Во Градот Скопје живее 25% од вкупното население во Македонија, распространето во 10 општини со број на жител помеѓу 22.000 и 73.000. Имено, во 14 општини бројот на жители изнесува помалку од 5.000.

Табела.2 Распределба по општини во Македонија

| Број на жители (опсег) | Број на општини | Број на општини (кумулативно) | % од вкупен број на општини | Вкупен број на жители | Вкупен број на жители (кумулативно) | % од вкупен број на општини (кумулативно) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.001-2.000 | 0 | 0 | 0.0 | 0 | 0 | 0,00 |
| 2.001-3.000 | 2 | 2 | 2,5 | 5.291 | 5.291 | 0,26 |
| 3.001-4.000 | 5 | 7 | 8,8 | 17.535 | 22.826 | 1,13 |
| 4.001-5.000 | 7 | 14 | 17,5 | 30.304 | 53.130 | 2,63 |
| 5.001-6.000 | 3 | 17 | 21,3 | 16.680 | 69.810 | 3,45 |
| 6.001-7.000 | 3 | 20 | 25,0 | 19.379 | 89.189 | 4,41 |
| 7.001-8.000 | 3 | 23 | 28,8 | 22.304 | 111.493 | 5,51 |
| 8.001-9.000 | 5 | 28 | 35,0 | 42.183 | 153.676 | 7,60 |
| 9.001-10.000 | 2 | 30 | 37,5 | 19.181 | 172.857 | 8,55 |
| 10.001-11.000 | 2 | 32 | 40,0 | 21.231 | 194.088 | 9,60 |
| 11.001-12.000 | 3 | 35 | 43,8 | 35.054 | 229.142 | 11,33 |
| 12.001-15.000 | 4 | 39 | 48,8 | 53.891 | 283.033 | 13,99 |
| 15.001-20.000 | 10 | 49 | 61,3 | 176.707 | 459.740 | 22,73 |
| 20.001-40.000 | 13 | 62 | 77,5 | 370.762 | 830.502 | 41,06 |
| 40.001-80.000 | 14 | 76 | 95,0 | 823.554 | 1.654.056 | 81,78 |
| Повеќе од 80.000 | 4 | 80 | 100,0 | 368.491 | 2.022.547 | 100,00 |
| | | | | | | |
| **Скопје** | **10** | **10** | **11,9** | **506.926** | **506.926** | **25,06** |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Државен завод за статистика.*

Во Македонија  има 43 урбани и 37 рурални општини. Во урбаните општини, живеат 1.651.694 жители од вкупното население во Македонија (82%), додека пак во руралните општини живеат 370.853 жители (18%).

## Трансфери од ЕЛС кон невладини организации во Република Македонија

На следната табела презентираме трансфери кон невладини организации во Македонија за периодот 2010-2015 година.

Табела 3.

Трансфери кон невладини организации во Македонија од страна на ЕЛС за периодот 2010-2015 година во денари (МКД).

| | План | Реализација | Раст (%) | Реализација (%) | Трансфери по глава на жител во МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 172.129.732 | 119.220.474 | | 69,26 | 59 |
| 2011 | 222.898.800 | 163.649.002 | 37,27 | 73,42 | 81 |
| 2012 | 305.645.683 | 233.510.971 | 42,69 | 76,40 | 115 |
| 2013 | 385.408.750 | 294.949.917 | 26,31 | 76,53 | 146 |
| 2014 | 335.163.450 | 250.334.147 | -15,13 | 74,69 | 124 |
| 2015 | 332.753.912 | 262.178.891 | 4,73 | 78,79 | 130 |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС*

Она што може да забележиме е дека во периодот под обсервација континуирано растат трансферите кон невладиниот сектор во номинална вредност и по глава на жител од страна на ЕЛС и тоа со високи стапки на раст освен во 2014 година кога има пад. Сепак, трендот на раст продолжува во 2015 година. Во истиот период и ефикасноста на планирање на ЕЛС на овие трансфери во нивните буџети се зголемува што го гледаме од процентот на реализација на овие трансфери споредено со планираните трансфери во буџетите.

Процентот на овие трансфери во вкупните расходи на ЕЛС иако со растечки тренд сепак се незначителни што може да го видиме од наредниот графикон.

**Графикон 8:** Процент на трансфери од вкупни расходи кон невладин сектор од страна на ЕЛС за периодот 2010-2015 година




*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС*

Она што загрижува е дека јазот помеѓу урбаните и руралните ЕЛС во трансфери кон невладиниот сектор се зголемува во периодот кој го разгледуваме иако за истиот пе-

риод структурата на вкупните расходи е релативно стабилна по тип на ЕЛС (урбани/рурални), што може да се види од наредните графици. На пример во 2010 година од вкупните трансфери кон невладиниот сектор 92% биле кон невладиниот сектор во урбаните ЕЛС, а 8% биле кон невладиниот сектор во руралните ЕЛС. Тие проценти во 2015 година се 95% во урбаните ЕЛС и 5% во руралните ЕЛС.

**Графикон 9:**

Структура на трансфери кон невладин сектор од страна на урбани и рурални ЕЛС за периодот 2010-2015 година во %




*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС*

Од друга страна, на пример, во 2010 година од вкупните расходи 87% од вкупните расходи во ЕЛС биле во урбаните ЕЛС, а 13% биле во руралните ЕЛС. Тие проценти во 2015 година се 86% во урбаните ЕЛС и 14% во руралните ЕЛС.

**Графикон 10.** Структура на вкупни расходи од страна на урбани и рурални ЕЛС за периодот 2010 – 2015 година во %




*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС*

**Регионална анализа на трансфери кон невладини организации од страна на ЕЛС во Република Македонија**

На следната табела презентираме реализирани трансфери кон невладин сектор од страна на ЕЛС како процент од планирани трансфери кон невладин сектор за периодот 2010-2015 година групирани по статистичките региони.

**Табела 4.** Процент на реализација на трансфери од страна на ЕЛС кон невладин сектор во периодот 2010-2015 година

| Региони | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 72,34 | 84,41 | 72,83 | 69,00 | 77,84 | 77,86 | 75,71 |
| Источен | 73,28 | 75,96 | 81,55 | 81,04 | 85,61 | 82,50 | 79,99 |
| Југозападен | 37,46 | 51,16 | 60,69 | 65,48 | 72,60 | 71,63 | 59,84 |
| Југоисточен | 73,44 | 75,88 | 81,31 | 81,42 | 64,30 | 89,79 | 77,69 |
| Пелагониски | 83,15 | 78,49 | 81,76 | 71,12 | 87,83 | 92,07 | 82,41 |
| Полошки | 57,71 | 64,53 | 58,55 | 40,84 | 42,94 | 43,87 | 51,41 |
| Североисточен | 68,54 | 85,58 | 88,92 | 71,32 | 74,18 | 89,48 | 79,67 |
| Скопски | 61,41 | 53,85 | 53,91 | 73,30 | 79,81 | 71,06 | 65,56 |
| Македонија | 69,26 | 73,42 | 76,40 | 76,53 | 74,69 | 78,79 | 74,85 |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС*

Она што може да го забележиме е дека најслаба реализација по години во просек имаат ЕЛС во Полошкиот регион што укажува на неефикасност во планирање на буџетските средства наменети за невладиниот сектор. Највисока ефикасност во буџетското планирање на трансфери за невладиниот сектор покажуваат ЕЛС во Пелагонискиот регион.

На следната табела презентираме трансфери од страна на ЕЛС кон невладин сектор за периодот 2010 – 2015 година по глава на жител во МКД организирани по статистички региони.

**Табела 5.** Трансфери од страна на ЕЛС кон невладин сектор за периодот 2010-2015 година по глава на жител во МКД за периодот 2010-2015 година

| Региони | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 65,32 | 96,43 | 98,85 | 97,95 | 106,70 | 129,95 | 99,20 |
| Источен | 54,00 | 94,03 | 151,53 | 162,14 | 141,58 | 146,09 | 124,90 |
| Југозападен | 34,10 | 41,36 | 43,90 | 56,50 | 59,93 | 76,56 | 52,06 |
| Југоисточен | 113,35 | 138,38 | 211,92 | 290,51 | 304,45 | 285,35 | 223,99 |
| Пелагониски | 53,72 | 65,97 | 102,60 | 146,99 | 137,90 | 149,34 | 109,42 |
| Полошки | 25,73 | 32,90 | 43,92 | 33,66 | 26,97 | 28,73 | 31,99 |
| Североисточен | 20,79 | 51,91 | 88,64 | 98,95 | 80,02 | 103,80 | 74,02 |
| Скопски | 26,38 | 28,47 | 47,87 | 94,05 | 103,81 | 105,72 | 67,72 |
| Македонија | 58,95 | 80,91 | 115,45 | 145,83 | 123,77 | 129,63 | 109,09 |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС и достапните статистички податоци*

Она што можеме да забележиме е дека ЕЛС во Југоисточниот регион имаат во просек скоро двојно повеќе трансфери за периодот 2010-2015 година отколку просекот за Република Македонија. Повисоки трансфери по глава на жител од македонскиот просек имаат и ЕЛС во Источниот регион и ЕЛС во Пелагонискиот регион. Најниски трансфери по глава на жител имаат ЕЛС во Полошкиот регион од 32 денари по глава на жител во просек за периодот 2010-2015 година.

Во следната табела може да видиме структурата на трансфери во проценти по тип на ЕЛС (урбани/рурални) во регионите во Република Македонија.

**Табела 6.** Структурата на трансфери во проценти по тип на ЕЛС (урбани/рурални) групирани според статистичките региони во Република Македонија

| | 2010 У | 2010 Р | 2015 У | 2015 Р | Просек У | Просек Р |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 87 | 13 | 95 | 5 | 91 | 9 |
| Источен | 89 | 11 | 96 | 4 | 94 | 6 |
| Југозападен | 91 | 9 | 96 | 4 | 93 | 7 |
| Југоисточен | 94 | 6 | 94 | 6 | 93 | 7 |
| Пелагониски | 75 | 25 | 91 | 9 | 86 | 14 |
| Полошки | 86 | 14 | 81 | 19 | 82 | 18 |
| Североисточен | 97 | 3 | 100 | 0 | 99 | 1 |
| Скопски | 92 | 8 | 97 | 3 | 96 | 4 |
| Македонија | 92 | 8 | 95 | 5 | 94 | 6 |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС и достапните статистички податоци*

Она што може да го забележиме е дека структурата на трансфери по тип на ЕЛС се менува во периодот 2010-2015 година со тоа што расте јазот на трансферите кон невладиниот сектор по тип на општини. Просечно за периодот руралните ЕЛС имаат најголем процент од трансферите во ЕЛС во Полошкиот регион (18%), а најнизок процент имаат трансферите во руралните ЕЛС од Североисточниот регион (1%). Во 2015 година во ЕЛС во Североисточниот регион имало 0% трансфери за невладиниот сектор во руралните општини.

Овој тренд е сосема спротивен кога ги анализираме вкупните расходи во ЕЛС во регионите по тип на општини што може да се види од наредната табела.

**Табела 7.** Структурата на вкупни расходи во проценти по тип на ЕЛС (урбани/рурални) во регионите во Република Македонија

| | 2010 У | 2010 Р | 2015 У | 2015 Р |
|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 89 | 11 | 86 | 14 |
| Источен | 92 | 8 | 93 | 7 |
| Југозападен | 82 | 18 | 93 | 7 |
| Југоисточен | 82 | 18 | 81 | 19 |
| Пелагониски | 87 | 13 | 85 | 15 |
| Полошки | 72 | 28 | 64 | 36 |
| Североисточен | 84 | 16 | 83 | 17 |
| Скопски | 90 | 10 | 86 | 14 |
| Македонија | 87 | 13 | 86 | 14 |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС и достапните статистички податоци*

**Намена на трансфери кон невладини организации од страна на ЕЛС во Република Македонија**

Намената на трансферите кон невладините организации ја анализираме согласно аналитиката која ни ја овозможува економската класификација на овие трансфери што го презентираме во наредната табела.

**Табела 8.** Намена на трансферите кон невладините организации од страна на ЕЛС за периодот 2010-2015 година во МКД

| Трансфери | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Просек 10-15 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Здруженија на граѓани и фондации | 27.670.641 | 40.718.231 | 53.078.994 | 54.024.192 | 44.836.983 | 53.150.384 | 45.579.904 | 20,7 |
| Спортски клубови | 50.432.639 | 91.675.773 | 140.629.842 | 179.595.232 | 169.648.244 | 172.030.498 | 134.002.038 | 60,7 |
| Грижа кон постари лица и хендикепирани деца | 5.419.749 | 4.700.432 | 7.644.263 | 8.950.274 | 9.474.456 | 9.314.307 | 7.583.914 | 3,4 |
| Месни заедници | 5.810.668 | 2.579.671 | 764.488 | 303.631 | 60.000 | 110.000 | 1.604.743 | 0,7 |
| Хуманитарни организации | 1.169.732 | 646.000 | 1.037.580 | 752.549 | 836.500 | 930.500 | 895.477 | 0,4 |
| Политички партии | 453.745 | 68.510 | 105.105 | 27.434.817 | 4.239.544 | 66.267 | 5.394.665 | 2,4 |
| Останати | 28.263.301 | 23.260.386 | 30.250.699 | 23.889.222 | 21.238.420 | 26.576.935 | 25.579.827 | 11,6 |
| Вкупно | 119.220.474 | 163.649.002 | 233.510.971 | 294.949.917 | 250.334.147 | 262.178.891 | 220.640.567 | 100,0 |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС*

Она што може да видиме е дека просечно за периодот 2010-2015 година најмногу трансфери кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС на Македонија има кон спортските клубови (61%), а најмалку кон хуманитарните организации (0.4%). Здруженијата на граѓани учествуваат со 21% од трансферите. Контото останати трансфери кон невладини организации имаат значително учество од скоро 12%.

На следната табела се прикажани трансферите на ЕЛС кон невладиниот сектор групирани по региони во МКД за 2015 година.

**Табела 9.** Намена на трансферите кон невладините организации од страна на ЕЛС групирани според регионите за 2015 година во МКД

| | Здруженија на граѓани и фондации | Спортски клубови | Грижа кон постари лица и хендикепирани деца | Месни заедници | Хуманитарни организации | Политички партии | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 8.382.939 | 8.240.500 | 0 | 0 | 14.000 | 17.385 | 3.427.388 | 20.082.212 |
| Источен | 1.974.865 | 21.524.500 | 0 | 0 | 6.000 | 6.570 | 3.054.927 | 26.566.862 |
| Југозападен | 6.125.822 | 8.903.509 | 1.600.000 | 0 | 235.500 | 0 | 96.000 | 16.960.831 |
| Југоисточен | 7.119.555 | 30.687.115 | 0 | 0 | 194.000 | 12.900 | 10.900.453 | 48.914.023 |
| Пелагониски | 9.847.373 | 25.667.070 | 0 | 0 | 26.000 | 0 | 23.000 | 35.563.443 |
| Полошки | 4.072.642 | 4.198.000 | 0 | 80.000 | 27.000 | 0 | 359.000 | 8.736.642 |
| Североисточен | 1.672.000 | 15.769.000 | 0 | 30.000 | 248.000 | 29.412 | 187.000 | 17.935.412 |
| Скопски | 12.369.270 | 48.263.124 | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 460.000 | 61.122.394 |
| Скопје | 1.585.918 | 8.777.680 | 7.714.307 | 0 | 150.000 | 0 | 8.069.167 | 26.297.072 |
| Македонија | 53.150.384 | 172.030.498 | 9.314.307 | 110.000 | 930.500 | 66.267 | 26.576.935 | 262.178.891 |
| Македонија % | 20,3 | 65,6 | 3,6 | 0,0 | 0,4 | 0,0 | 10,1 | 100,0 |

*Извор: Пресметка на Авторот со податоци од Завршните сметки на ЕЛС*

Може да видиме дека само ЕЛС во Југозападниот регион имаат трансфери за Грижа на постари лица и хендикепирани деца. За Месни заедници трансфери имаат само ЕЛС во Полошкиот и ЕЛС во Североисточниот регион. Трансфери за политички партии има во ЕЛС во Вардарскиот, Источниот, Југоисточен и во ЕЛС во Североисточен регион. За 2015 година може да видиме дека најмногу во ЕЛС во регионите се трансферирале средства кон Спортските клубови, а најмалку за Месните заедници.

### Економетриски географско-демографски и социо-економски модели на трансферите од ЕЛС кон невладините организации во статистичките региони

Во овој дел ќе направиме економетриска панел анализа на трансферите од ЕЛС кон невладините организации за периодот 2010-2015 година за да видиме кои фактори најмногу влијаат на расходите за здруженија на граѓани и фондации (конто 463110) и за да видиме кои фактори најмногу влијаат на вкупните расходите за здруженија на

граѓани и фондации (конто 4631 ги содржи: расходите за здруженија на граѓани и фондации, трансфери до спортски клубови, трансфери до Македонски олимписки комитет, трансфери до организации кои се грижат за постари лица и хендикепирани лица, трансфери до месни заедници, трансфери до хуманитарни организации, траснфери до политички партии, останати тансфери до невладини организации како што беа претставени во табела 9).

Анализата ќе биде со групирање на расходите на ЕЛС за невладините организации во панел организиран според 8-те статистички региони, а податоците се од Трезорот на Министерство за финансии и регионалните статистики од Државниот завод за статистика. Со користење на економетриска панел анализа може да ја контролираме хетерогеноста на статистичките региони, ќе имаме повеќе степени на слобода, помало влијание на можна колинеарност, може да го оцениме динамичното влијание во периодот на обсервација преку користење на временската инваријанта. Ќе користиме метод на најмали квадрати со авторегресија од прв степен за да контролираме за можна авторегресија. Ќе користиме и процедура на White  за да контролираме за можна хетероскедастичност. Секако дека главно ограничување доаѓа од достапност на податоци за да може да обезбедиме колку што е можно повеќе балансиран панел на податоци.

За да избегнеме грешки во спецификацијата на оценувањата ќе користиме општ кон специфичен модел на естимирање. Иако реалноста е комплексен збир на влијанија на повеќе варијабли кон феномените кои ги оценуваме и анализираме сепак за поедноставување на моделирањето и имајќи во предвид дека ова не е ригидно економетриско истражување ќе вршиме оценка на два типа на варијабли на расходите за невладините организации и тоа географско-демографски и социо-економски модели водејќи се од природата на варијаблите и од можноста за структурна анализа. Секако дека во реалноста овие географско-демографски и социо-економски варијабли не делуваат издвоено и изолирано ниту туку нивното влијание на расходите за невладините е и преку нивната меѓу-корелација. Во ова истражување не е земена во предвид ниту пак е анализиран и можниот ефект на каузалност.

### Географско-демографски економетриски панел модел

Во ова естимирање ќе направиме оценка кои географски и демографски варијабли влијаат на расходите за да видиме дали географско-демографските карактеристики на регионите на Република Македонија имаат влијание за одлуките за финансирање на невладините организации во ЕЛС. Всушност ќе го естимираме следниот вектор:

$$\gamma = \alpha + X\beta + D\mu + \nu$$

Каде:

*y* – се зависните варијабли т.е. расходите за здруженија на граѓани и фондации (конто 463110) или вкупните расходите за здруженија на граѓани и фондации (конто 4631).

*x* - се објаснувачките варијабли на зависните варијабли (демографски-број на население, географски-број на урбани и број на рурални општини, време за периодот 2010-2015 година). Резултатите од ова естимирање се прикажани на наредната табела.

**Табела 10.** Естимирање на расходите од ЕЛС и објаснувачките варијабли

t – статистики во заграда
* статистички значајно при 1% статистичка значајност (критична вредност 2.109)
**статистички значајно при 5% статистичка значајност (критична вредност 1.299)
***статистички значајно при 10% статистичка значајност (критична вредност 0.849)

| | Панел Конто 463110 | Панел Конто 4631 |
|---|---|---|
| $\alpha$ - константа | -576369 | -5543304*** |
| | (-0.406) | (-1.008) |
| $\beta_1$ - население | 5.594*** | 19.537*** |
| | (1.203) | (1.000) |
| $\beta_2$ - урбани | 313826** | 2553580* |
| | (1.499) | (3.793) |
| $\beta_3$ - рурални | 212234 | -1009840*** |
| | (0.815) | (-1.259) |
| $\beta_4$ - време | 522034* | 4004533* |
| | (2.402) | (4.392) |
| $R^2$ | 0.281 | 0.493 |
| dw | 0.620 | 0.287 |

Од естимирањето може да се претпостави дека во периодот на анализа:

- има статистички значајни промени во текот на анализираниот период 2010-2015 година на финансирање на здруженија на граѓани и фондации и на вкупно финансирање на здруженија на граѓани и фондации. Финансирањето се зголемува за време на периодот.
- за финансирањето на здруженија на граѓани и фондации, статистички не е важна разликата во население во регионите.
- за финансирањето на здруженија на граѓани и фондации, статистички не е важна разликата во население во регионите.
- за финансирањето на здруженија на граѓани и фондации, статистички е важен типот на ЕЛС т.е. дали е урбана ЕЛС. Доколку е урбана ЕЛС здруженијата и фондациите имаат повисока веројатност да бидат финансирани од ЕЛС.

## Социо-економски економетриски панел модел

Во ова естимирање ќе направиме оценка кои социјални и економски варијабли влијаат на расходите. Ќе го естимираме следниот вектор:

$$\gamma = \alpha + X\beta + D\mu + \nu$$

Каде:

y – се зависните варијабли т.е. расходите за здруженија на граѓани и фондации (конто 463110) или вкупните расходите за здруженија на граѓани и фондации (конто 4631).

x – се објаснувачките варијабли на зависните варијабли (социјални-домаќинства корисници на социјална парична помош, лица на возраст од 15-74 години кои користат Интернет и број на дипломирани студенти, економски-БДП, стапка на невработеност, просечно исплатена нето плата по вработен, време за периодот 2010-2015 година ).

Резултатите од ова естимирање се прикажани на наредната табела.

**Табела 11.**

Естимирање на расходите од ЕЛС и објаснувачките варијабли

| | Панел Конто 463110 | Панел Конто 4631 |
|---|---|---|
| $\alpha$ - константа | -4036231*** (-0.935) | 2405573 (0.208) |
| $\beta_1$ - БДП | 22.675** (1.944) | 133.756* (2.526) |
| $\beta_2$ - стапка на невработеност | -91310* (-3.512) | -273306* (-3.351) |
| $\beta_3$ - просечна нето плата | 212234 (0.815) | -429.334 (-0.473) |
| $\beta_4$ - корисници на Интернет | 372,924** (1.777) | 411.29 (0.257) |
| $\beta_5$ - завршени студенти | -642483*** (-0.904) | -3297968** (-1.464) |
| $\beta_6$ - корисници на социјална помош | 32055 (0.438) | 273755*** (1.074) |
| $\beta_7$ - време | 735585** (1.734) | 4516345* (3.183) |
| $R^2$ | 0.669 | 0.722 |
| dw | 1.391 | 1.139 |

t – статистики во заграда
* статистички значајно при 1% статистичка значајност (критична вредност 2.485)
**статистички значајно при 5% статистичка значајност (критична вредност 1.316)
***статистички значајно при 10% статистичка значајност (критична вредност 0.856)

Од естимирањето може да се претпостави дека во периодот на анализа:

- социо-економскиот модел статистички подобро го претставува финансирањето на здруженија и граѓани од географско-демографскиот модел. Автокорелацијата е помала мерена преку Durbin-Watson, а и коефициентот на детерминација покажува подобро објаснување на зависните варијабли за расходи.
- има статистички значајни промени во текот на анализираниот период 2010-2015 година на финансирање на здруженија на граѓани и фондации и на вкупно финансирање на здруженија на граѓани и фондации. Финансирањето се зголемува за време на периодот.
- за финансирањето на здруженија на граѓани и фондации, статистички не е значајна просечната нето исплатена плата во ЕЛС и најверојатно бројот на корисници на социјална помош.

- бројот на завршени студенти во ЕЛС не се статистички значајни за финансирањето на здруженија на граѓани и фондации.
- корисниците на Интернет се статистички значајни за финансирањето на здруженија на граѓани и фондации но не и за вкупното финансирање на здруженија на граѓани и фондации.
- за финансирањето на здруженија на граѓани и фондации, статистички е значаен БДП на регионот како и стапката на невработеност на регионот. Колку е повисок БДП толку се повисоки трансферите од ЕЛС кон здруженијата и граѓаните и колку е повисока стапката на невработеност толку се пониски трансферите од ЕЛС кон здруженијата и граѓаните. Ова е интересен наод од истражувањето кој треба дополнително да се истражи.

**Заклучоци**

Република Македонија има 80 единици на локална самоуправа-ЕЛС и Град Скопје како посебна ЕЛС. ЕЛС според густина на население се со релативно повисок варијабилитет со ранг од 5 жители на км2 до 16.193 жители на км2. Во Македонија има 43 урбани и 37 рурални ЕЛС. 41% од населението живее во 14 ЕЛС, а 41% од населението во други 62 ЕЛС.

Во периодот 2010-2015 година трансферите кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС континуирано растат со двоцифрени стапки на раст. Во истиот период и ефикасноста на планирање на ЕЛС на овие трансфери во нивните буџети се зголемува. Реализацијата во однос на планираните трансфери се од 69% во 2010 година до 79% во 2015 година. Исто така и трансферите до невладиниот сектор по глава на жител во МКД расте од 59МКД по глава на жител во 2010 до 130МКД по глава на жител во 2015 година.

Иако растат трансферите кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС како процентуален однос од вкупните расходи на ЕЛС (0.5% во 2010 до 0.9% во 2015 година) сепак загрижува растечкиот јаз по тип на ЕЛС. Имено, урбаните ЕЛС (со 1.651.694 жители) имаат во 2010 година 92% од вкупните трансфери, а руралните ЕЛС (со 370.853 жители) имаат во 2010 година 8% од вкупните трансфери. Во 2015 година во урбаните ЕЛС трансферите кон невладиниот сектор заземаат 95%, а руралните ЕЛС 5%. Од друга страна структурата на вкупните расходи на урбани и рурални ЕЛС за истиот период 2010-2015 година е стабилен во просек 87% за урбание ЕЛС и 13% за рурални ЕЛС (види Анекс).

Групирани по статистички региони, за трансферите кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС, забележуваме дека најслаба реализација по години во просек имаат ЕЛС во Полошкиот регион што укажува на неефикасност во планирање на буџетските средства наменети за невладиниот сектор (просечна реализација за периодот 2010-2015 година како процент од планиран буџет од 51%). Највисока ефикасност во буџетското плани-

рање на трансфери за невладиниот сектор покажуваат ЕЛС во Пелагонискиот регион (просечна реализација за периодот 2010-2015 година како процент од планиран буџет од 82%).

Групирани по статистички региони, за трансферите кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС, забележуваме дека ЕЛС во Југоисточниот регион имаат во просек скоро двојно повеќе трансфери по глава на жител во МКД (224 МКД по глава на жител) за периодот 2010-2015 година отколку просекот за Република Македонија (109 МКД по глава на жител). Повисоки трансфери по глава на жител од македонскиот просек имаат и ЕЛС во Источниот регион (125 МКД по глава на жител) и ЕЛС во Пелагонискиот регион (109 МКД по глава на жител). Најниски трансфери по глава на жител имаат ЕЛС во Полошкиот регион од 32 денари по глава на жител во просек за периодот 2010-2015 година.

Групирани по статистички региони, за трансферите кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС, забележуваме дека структурата на трансфери по тип на ЕЛС се менува во периодот 2010-2015 година со тоа што расте јазот на трансферите кон невладиниот сектор по тип на општини. Просечно за периодот руралните ЕЛС имаат најголем процент од трансферите во ЕЛС во Полошкиот регион (18%), а најнизок процент имаат трансферите во руралните ЕЛС од Североисточниот регион (1%). Во 2015 година во ЕЛС во Североисточниот регион имало 0% трансфери за невладиниот сектор во руралните општини.

Ако ги анализираме трансферите кон невладиниот сектор по аналитички конта може да видиме дека просечно за периодот 2010-2015 година најмногу трансфери кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС на Македонија има кон спортските клубови (61%), а најмалку кон хуманитарните организации (0.4%). Здруженијата на граѓани учествуваат со 21% од трансферите. Контото Останати трансфери кон невладини организации има значително учество од скоро 12%.

Групирани по статистички региони, за трансферите кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС, забележуваме дека само ЕЛС во Југозападниот регион имаат трансфери за Грижа на постари лица и хендикепирани деца. За Месни заедници трансфери имаат само ЕЛС во Полошкиот и ЕЛС во Североисточниот регион. Трансфери за политички партии има во ЕЛС во Вардарскиот, Источниот, Југоисточен и во ЕЛС во Североисточен регион. За 2015 година може да видиме дека најмногу во ЕЛС во регионите се трансферирале средства кон Спортските клубови, а најмалку за Месните заедници.

За финансирањето на здруженија на граѓани и фондации во Република Македонија за периодот 2010-2015 година статистички не е важна разликата во население во регионите туку статистички е важен типот на ЕЛС т.е. дали е урбана ЕЛС. Доколку е урбана ЕЛС тогаш здруженијата на граѓани и фондациите имаат повисока веројатност да бидат финансирани од ЕЛС.

Социо-економските варијабли статистички подобро го претставуваат моделот на финансирање на здруженија и граѓани во Република Македонија од географско-демографските варијабли. За финансирање на здруженија и граѓани во Република

Македонија статистички е значаен бројот на корисниците на Интернет во ЕЛС. За финансирањето на здруженија на граѓани и фондации, статистички е значаен БДП на регионот како и стапката на невработеност на регионот. Колку е повисок БДП толку се повисоки трансферите од ЕЛС кон здруженијата на граѓани и фондациите и колку е повисока стапката на невработеност толку се пониски трансферите од ЕЛС кон здруженијата на граѓани и фондациите. Ова е интересен наод од истражувањето кој треба дополнително да се истражи.

## Препораки

Има потреба од поефикасно планирање на буџетите на ЕЛС особено на ЕЛС од Полошкиот регион.

Има потреба од намалување на растечкиот јаз од висината на трансферите кон невладиниот сектор кој се јавува помеѓу урбани и рурални ЕЛС. Има потреба од дополнителна анализа за да се утврдат причините за тој јаз.

Има потреба од дополнителна анализа за да се утврдат разликите кои се јавуваат помеѓу ЕЛС во статистичките региони во трансферите кон невладините организации во МКД по глава на жител.

Има потреба од дополнителна анализа на контото Останати трансфери кон невладините организации бидејќи тоа конто има значително учество од скоро 12% пеосечно за периодот 2010-2015 година во вкупните трансфери кон невладини организации.

Има потреба од дополнителна анализа за да се утврди асиметричноста во приоритетите на висината на трансферите според намена. На пример, просечно за периодот 2010-2015 година најмногу трансфери кон невладиниот сектор од страна на ЕЛС на Македонија има кон спортските клубови (61%), а најмалку кон хуманитарните организации (0,4%). Здруженијата на граѓани учествуваат со 21% од трансферите, а Грижа кон постари лица и хендикепирани деца учествува во вкупните трансфери просечно со 3,4% во периодот 2010-2015 година. Во тој контекст важно е да се знае дека бројот на корисници на Интернет во регионот е важен за финансирање на здруженија на граѓани и фондации но не и за вкупното финансирање на здруженија на граѓани и фондации.

Колку е повисока стапката на невработеност толку се пониски трансферите од ЕЛС кон здруженијата и граѓаните. Ова е интересен наод од истражувањето кој треба дополнително да се истражи.

## Трансфери до невладини организации од Централниот буџет на Република Македонија

На следната табела се прикажани трансферите кон невладини организации во Македонија за периодот 2010-2015 година.

**Табела 12.**

Трансфери кон невладини организации во Македонија од страна на Централниот буџет на РМ за периодот 2010 - 2015 година во денари (МКД).

| Година | План | Реализација | Раст во % | Процент на реализација | Вкупни расходи | % на трансфери од вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 283.034.000 | 251.576.684 | | 88,89 | 105.863.298.155 | 0,24 |
| 2011 | 262.920.000 | 229.007.921 | -8,97 | 87,10 | 111.586.540.386 | 0,21 |
| 2012 | 271.625.000 | 249.341.102 | 8,88 | 91,80 | 115.438.108.782 | 0,22 |
| 2013 | 286.036.000 | 269.147.358 | 7,94 | 94,10 | 131.058.079.247 | 0,21 |
| 2014 | 256.863.000 | 240.595.823 | -10,61 | 93,67 | 132.260.604.322 | 0,18 |
| 2015 | 343.977.000 | 295.091.884 | 22,65 | 85,79 | 160.389.661.949 | 0,18 |

*Извор: Пресметка на авторот со податоци преземени од Завршните сметки на Централниот буџет на РМ*

Она што може да забележиме е дека во периодот под обсервација, во 2011 година има намалување на номиналната вредност на трансферите кон невладиниот сектор во однос на претходната година, додека пак во следните две години истите растат но со ниски стапки на раст. Во 2014 година повторно е забележано намалување од 10,61% со негативен предзнак во однос на претходната година. Сепак, трендот на раст продолжува во 2015 година со повисока стапка во однос на минатите години. Во истиот период и ефикасноста на планирање на Централниот буџет на РМ во однос на овие трансфери е подобрена во оние години каде е забележан раст на трансферите што го гледаме од процентот на реализација на овие трансфери.

Процентот на овие трансфери во вкупните расходи од Централниот буџет бележи опаѓачки тренд со тоа што во 2015 година има стагнација. Тоа може да се види на следниот графикон.

**Графикон 11:**

Процент на трансфери од вкупни расходи кон невладин сектор од страна на Централниот буџет на РМ за периодот 2010 – 2015 год.




*Извор: Пресметка на авторот со податоци преземени од Завршните сметки на Централниот буџет на РМ*

***Во однос на видот/типот на активности, односно за кои цели се потрошени буџетските средства од секоја подставка на ставката 463 (трансфери до невладини организации), колку средства се исплатени и на кои организации се исплатени истите од Централниот буџет на РМ за годините 2013, 2014 и 2015 добиен е одговор од Министерството за финансии на РМ дека Министерството не може да ги обезбеди бараните податоци.***[21]

## Анализа на одговори од БПИЈК од страна на ЕЛС во РМ за трансфери кон невладини организации според нивната намена

Согласно последните податоци од Годишните сметки на Единиците на локална самоуправа за 2015 година, испратени се Барања за пристап на информации од јавен карактер до вкупно 80 ЕЛС и на Град Скопје како посебна единица. По однос на намената[22] за која се потрошени буџетските средства, побарани се информации за каков вид/тип на активности се потрошени буџетските средства и колку средства се потрошени за секоја посебна активност, како и листа на организации коишто ги добиле буџетските средства и по колку средства добила секоја од нив. Исто така, побарана е информација за вкупно планираните средства за Трансфери кон невладини организации, како и поединечно според нивната намена за 2016 година.

Во прилог е прикажан графикон од добиените одговори и колку од нив се адекватни на побараните информации.

**Графикон 12:**

Добиени одговори на ЕЛС за Барање пристап на информации од јавен карактер за извршените исплати до невладиниот сектор во РМ

*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*




Од вкупно 80 ЕЛС и Град Скопје како посебна ЕЛС, добиени се 57 одговори од кои целосен адекватен одговор дале 39 ЕЛС. Искажано во проценти, 70% одговориле на побараните информации вклучувајќи ги и оние кои дале целосен и нецелосен одговор[23], додека пак 30% не дале никаков одговор.

21) Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер со број 13731/3 од 21.10.2016
22) Трансфери до Здруженија на граѓани и фондации, Трансфери до спортски клубови, Трансфери до Организации за хендикепирани лица, Трансфери до месни заедници, Трансфери до хуманитарни организации, Трансфери до политички партии, Останати трансфери до невладини организации.
23) Дел од нецелосните одговори се опфатени во анализата поради тоа што се добиени делумни информации за износот, намената и/или листата на здруженија. Дополнително, за општините Гази Баба, Велес, Град Скопје и Прилеп одговорите ги сметаме за нецелосни и поради тоа што вкупните износи добиени како одговор од БПИЈК од ставка 463 не се совпаѓаат со оние од Завршните сметки за 2015 година.

**Добиени одговори од БПИЈК на ЕЛС по регион:**

За ***Вардарски регион*** одговори има за шест од вкупно девет ЕЛС (6/9), т.е. Велес[24], Чашка, Градско, Демир Капија, Лозово и Свети Николе, од кои само еден се смета за нецелосен, па поради тоа делумно ќе биде опфатен во анализата.

За ***Источен регион*** одговори има за девет од вкупно единаесет ЕЛС (9/11), т.е. Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново – Облешево[25], од кои три се сметаат за нецелосни.

За ***Југозападен регион*** одговори има за пет од вкупно девет ЕЛС (5/9), т.е. Струга, Македонски Брод, Вевчани, Дебар, Центар Жупа и Охрид[26], од кои три се сметаат за нецелосни одовори.

За ***Југоисточен регион*** одговори има за седум од вкупно десет ЕЛС (7/10), т.е. Гевгелија, Босилово, Богданци, Валандово, Василево, Дојран и Радовиш, од кои еден одговор е нецелосен.

За ***Пелагониски регион*** одговори има за шест од вкупно девет ЕЛС (6/9), т.е. Прилеп, Битола, Новаци, Демир Хисар, Крушево, Могила и Ресен[27], од кои пет се сметаат за нецелосни.

За ***Полошки регион*** одговори има за шест од вкупно девет ЕЛС (6/9), т.е Гостивар, Врапчиште, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце, од кои еден одговор е нецелосен.

За ***Скопски регион*** одговори има за тринаесет од вкупно осумнаесет ЕЛС (13/18), т.е. Град Скопје, Центар, Аеродром, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Шуто Оризари, Арачиново, Зелениково, Студеничани и Чучер Сандево, од кои четири се сметаат за нецелосни одговори.[28]

За ***Североисточен регион*** одговори има за три од вкупно шест ЕЛС (3/6), т.е. Крива Паланка, Куманово и Ранковце и сите тие се сметаат за целосни одговори.

На следниот приказ е претставено за која намена најмногу се потрошени средства од страна на ЕЛС врз основа на добиените 57 одговори и целосната анализа на податоците која следува во продолжение исто така се заснова на овие 57 одговори, вклучувајќи ги и оние кои се нецелосни, но сепак имаат делумни податоци за анализирање.

24) Одговорот на општина Велес се смета за нецелосен поради недобиени информации за ставка 463110, односно износот не е идентичен со оној од Завршната сметка, ниту пак е наведено на кои здруженија и за која намена се потрошени истите, па поради тоа само податоците за ставка 463120 ќе бидат обработени.

25) Добиениот одговор од општина Чешиново – Облешево е нецелосен и карактеристичен поради недобиена информација на кои здруженија се исплатени средствата од ставка 463110 и 463190, како и за која намена се потрошени истите освен за две исплати. Во анализата ги обработуваме само добиените податоци за ставка 463120 и наведените конкретни исплати.

26) Поради недобиена информација од општина Охрид за износите кои биле исплатени на здруженијата за ставка 463110 и 463120, нема да бидат земени предвид. Податоците кои ќе бидат обработени се од ставка 463160.

27) Одговорот од општина Ресен ќе биде анализиран само за оние ставки за кои има податоци односно за 463110 и 463160, додека пак за ставка 463120 нема податок.

28) Одговорот од Град Скопје ќе биде анализиран само за оние ставки за кои има податоци односно за 463110 и 463140, додека пак за останатите ставки: 463120, 463160 и 463190 нема податок.

**Графикон 13:**
Трансфери до невладини организации според својата намена за 2015 година

*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*




Она што може да се види од графиконот е дека најмногу од трансферите до невладините организации се наменети за Спортски клубови кои земаат учество од 69% во вкупните трансфери. Здруженијата на граѓани и фондации учествуваат со 18%. Значајно е и учеството од 10% на Организации за хендикепирани лица, додека пак Останатите трансфери учествуваат со 3% во вкупните трансфери.

## Класификација на трансферите до невладини организации од буџетите на ЕЛС по тип/сектор

Согласно добиените одговори на кои Здруженија се исплатени парични средства како и за која активност истите се наменети направена е класификација по тип/сектор. Секторот е одреден од целта/намената за која се потрошени средствата од страна на здруженијата или е одреден од главната активност на дејствување на самите здруженија /невладини организации. Имено, на 11 општини (Могила, Струга, Брвеница, Гази Баба, Битола, Кочани, Дебар, Прилеп, Карпош, Гостивар и Радовиш) од вкупно 57, класификацијата по сектор е извршена врз основа на главната активност на дејствување на самите здруженија на кои се исплатени парични средства поради недобиен одговор за која цел се потрошени истите.

## Графикон 14:

Класификација на трансферите до невладини организации подржани од буџетите на ЕЛС по тип/сектор[29]

*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*




Она што може да се забележи е дека повеќе од 2/3 од трансферите се наменети за спорт и рекреација. Трансферите наменети за попреченост/инвалидитет учествуваат со 6,15% во вкупните трансфери, додека пак веднаш после нив трансферите наменети за активности од областа на културата учествуваат со 5,58%.

Имено, најголем дел од трансферите наменети за социјална (хуманитарна) грижа се доделени на Црвен Крст односно 6.823.500 денари од вкупно 7.930.304 денари, што значи дека Црвен крст зема 83% од вкупните трансфери од овој сектор.[30] Останатото учество од 9,19% припаѓа на сите останати видови сектори кои имаат мало, речиси безначајно учество што може да се види на втората пита од сликата. Од нив пак, најголем процент се наменети за заштита на правата.

## Графикон 15:

Број на грантови доделени од страна на ЕЛС за ставка 463 – Трансфери до невладини организации групирани по сектор

*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*




29) Втората пита ги содржи сите исплати класифицирани по сектори со учество помало од 3% во вкупните трансфери до невладини огрганизации
30) Вкупниот износ на буџетски средства кои биле исплатени на Црвен крст за 2015 година изнесува 7.006.500 денари од страна на ЕЛС.

Согласно најголемиот износ на буџетски средства кои се наменети за спорт и рекреација, така и најголем број на грантови (квантитативно), односно 442 од вкупно 919 грантови се доделени за спорт и рекреација. Значајна е и бројката од 142 доделени грантови за активности од областа на културата.

## Класификација на намената на трансферите до невладини организации од буџетите на ЕЛС групирани по сектор

*Трансферите до здруженија на граѓани и фондации* (ставка 463110) класифицирајќи ги според дадените сектори е прикажано на Графикон 16.

Најмногу од паричните средства или 23% од вкупните трансфери од оваа ставка се насочени за активности од областа на културата. Имено, поголем дел од средствата исто така се наменети за попреченост/инвалидитет 12% и заштита на права 10%. Значајно е и учеството на поддршка за спортски активности од 11% во вкупните трансфери од оваа ставка.

Исто така, овие сектори не само што земаат големо учество квалитативно во вкупните трансфери од оваа ставка, така и квантитативно. Најголем број на грантови се доделени за култура односно 128 од вкупно 486 грантови, за спорт и рекреација – 63, попреченост/инвалидитет - 37 и заштита на права - 26 грантови.

### Графикон 16:

Класификација на трансферите до Здруженија на граѓани и фондации по тип/сектор за 2015 година




*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*

*Трансферите до Спортски клубови* (ставка 463120) се наменети за спортски активности. Доделени се вкупно 375 грантови за спорт и рекреација во вкупна вредност од 121.910.213 денари.

*Трансфери до организации за хендикепирани лица* (ставка 463140) се наменети за заштита на права, социјална (хуманитарна) грижа, попреченост/инвалидитет, здравствена заштита и деца, млади и студенти. Реализирани се вкупно 10 исплати во вкупен износ од 18.220.000 денари. Најмногу парични средства се наменети за попреченост/инвалидитет со учество од 39% и здравствена заштита со учество од 30% во вкупните трансфери од овој вид на организации.

*Трансфери до хуманитарни организации* (ставка 463160). Реализирани се вкупно 10 исплати до овој вид на организации, од кои најмногу од средствата т.е. 82% се наменети за социјална (хуманитарна) грижа.

*Трансфери до политички партии* (ставка 463170). Реализирани се вкупно 2 исплати на политички партии.

*Останати трансфери до невладини организации* (ставка 463190) се прикажани на Графикон 17. Најмногу парични средства се наменети за активности од областа на културата, со учество од 57% во вкупните трансфери од овој вид на организации. Исто така, и најголем број на грантови 13 од вкупно 35 се доделени за култура.

**Графикон 17:**

Класификација на Останати трансфери до невладини организации по тип/сектор за 2015 година




*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*

## Регионална анализа на трансферите до невладини организации од добиените одговори на БПИЈК од ЕЛС во Република Македонија

На следниот графикон ги презентираме реализираните трансфери до невладини организации од страна на ЕЛС класифицирајќи ги по тип/сектор, групирани по статистички региони. Податоците се базираат врз добиените одговори од БПИЈК.[33]

31) Добиени одговори од БПИЈК на регионална основа. Види стр.39  Добиени одговори на БПИЈК на ЕЛС по регион

## Графикон 18:

Регионален преглед на реализирани трансфери до невладини организации од страна на ЕЛС по тип/сектор за 2015 година




*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*

ЕЛС кои го сочинуваат Скопскиот регион издвојуваат најмногу парични средства за невладини организации (38% од вкупните трансфери) главно поради најголемиот број на ЕЛС кои го сочинуваат истиот.

Пелагонискиот регион (19% од вкупните трансфери) и Југоисточниот регион (16% од вкупните трансфери) исто така се вбројуваат во региони кои отскокнуваат од просекот каде има издвоено најмногу парични средства до невладини организации, при што сите останати региони се под просекот од 12%.

Покрај издвоените и исплатени највисоки парични средства на невладините организации од ЕЛС кои ги сочинуваат овие три региона, така и најголем број на грантови се доделени токму од нив.[32]

Она што може да се забележи е дека, во сите региони најмногу парични средства се издвоени за спорт и рекреација освен во Југозападен регион каде најмногу од средствата се издвоени за попреченост/инвалидитет. Дополнително, Скопскиот регион из-

32) Пелагонија има доделено вкупно 331 грантови до невладини организации, Југоисточен има доделено 175 грантови и Скопски регион има доделено вкупно 145 грантови до невладини организации. Сите заедно учествуваат со 70,8% во вкупните доделени грантови од ЕЛС од сите региони.

двојува најмногу парични средства за спорт и рекреација, додека пак заедно со Пелагонија и Југоисточен регион, издвојуваат речиси ¾ од вкупните исплати од сите региони наменети за спорт и рекреација до невладините организации.

Покрај најголемиот процент од вкупните трансфери издвоени за спорт и рекреација од сите региони освен од Југозападен регион, во Вардарски регион најмногу парични средства се издвоени за развој на граѓанско општество односно 13,2% од вкупните трансфери од овој регион.

Во Источен, Југоисточен, Пелагониски и Полошки регион најмногу парични средства се издвоени за култура, односно во Источен 32,5%, во Југоисточен 5,7%, во Пелагониски 8,1% и во Полошки 17,8% од вкупните трансфери на регионите. Во Југозападен и Североисточен регион најмногу парични средства се издвоени за попреченост/инвалидитет со тоа што во Југозападен регион 37,5% од трансферите се издвоени за култура додека пак во Североисточен 8,9% од вкупните трансфери од регионот.

Во Скопскиот регион најмногу парични средства се наменети како за попреченост/инвалидитет 10,5% така и за социјална (хуманитарна) грижа 10,7% од вкупните трансфери.

Согласно секторската поделба на трансферите групирани по статистички региони, најмногу од паричните средства наменети за попреченост/инвалидитет, социјална (хуманитарна) грижа, здравствена заштита и деца, млади и студенти се издвоени од буџетите на ЕЛС од Скопскиот регион. Паричните средства кои бележат значително највисоки износи, наменети за култура, заштита на права, заштита на животните и животната средина, образование и наука и уметност се издвоени од буџетите на ЕЛС од Пелагониски регион во однос на другите региони. Најмногу парични средства наменети за верски заедници, етнички заедници, регионален и локален развој, пензионери и лов се издвоени од буџетите на ЕЛС од Југоисточен регион.

За развој на граѓанското општество најмногу парични средства се издвоени од ЕЛС од Вардарскиот регион, за кофинансирање од Североисточниот регион, додека пак за истражувачка дејност од Југозападен регион.

## Регионален преглед на намената на Трансфери до невладини организации групирани по тип/сектор

*Трансфери до Здруженија на граѓани и фондации* (ставка 463110). Пелагонискиот регион издвојува најмногу парични средства во однос на другите региони како трансфери до Здруженија на граѓани и фондации. Исто така, најголем број на грантови се доделени од овој регион или 206 грантови од вкупно 486 грантови од оваа ставка.

Бројот на грантови наменети за активности од областа на културата зазема ¼ од вкупниот број на грантови. Во пет од осум регион најзначајна е бројката на грантови токму наменети за култура.

Во Вардарски регион најмногу парични средства т.е. 71,5% од вкупните трансфери од оваа ставка се исплаќаат за развој на граѓанското општество.

Во Источен, Пелагониски и Полошки регион најмногу парични средства односно по 30% од вкупните трансфери од оваа ставка во регионите Источен и Пелагониски поединечно и 67,3% во Полошки регион се наменети за култура. Во Југозападен регион најмногу средства 22,9%се наменети за активности за заштита на животните и животната средина, во Југоисточен 30,6% за спорт и рекреација,  додека пак во Скопски регион 27,3% се наменети за социјална (хуманитарна) грижа.

Во Североисточен регион средствата се наменети единствено за активности на лица со попреченост/инвалидитет, што значи дека од оваа ставка е доделен само еден грант во вредност од 1.550.000 денари.

**Табела 13.**

Регионален преглед на ставка 463110 – Трансфери до Здруженија на граѓани и фондации групирана по тип за 2015 година

| Секторска поделба на Трансфери на Здруженија на граѓани и фондации | Вардарски | Источен | Југо-западен | Југо-источен | Пелагонија | Полог | Скопски | Северо-источен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто: 463110 | | | | | | | | |
| Верски заедници | 100.000 | 210.000 | 30.000 | 924.000 | 43.000 | 0 | 85.000 | 0 |
| Деца, млади и студенти | 0 | 20.000 | 60.000 | 30.000 | 416.000 | 12.000 | 462.000 | 0 |
| Етнички заедници | 0 | 13.000 | 0 | 365.000 | 356.000 | 150.000 | 0 | 0 |
| Заштита на животните и животната средина | 0 | 6.150 | 299.400 | 48.000 | 630.000 | 10.000 | 0 | 0 |
| Заштита на права | 0 | 0 | 3.000 | 171.000 | 2.391.783 | 0 | 565.000 | 0 |
| Здравствена заштита | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 90.000 | 30.000 | 368.000 | 0 |
| Истражувачка дејност | 0 | 0 | 30.000 | 10.000 | 16.000 | 0 | 30.000 | 0 |
| Кофинансирање | 0 | 0 | 0 | 118.900 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Култура | 316.500 | 450.975 | 133.000 | 1.313.600 | 2.779.710 | 1.062.000 | 1.268.550 | 0 |
| Лов | 0 | 75.000 | 0 | 81.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Образование и наука | 0 | 105.000 | 0 | 0 | 454.000 | 0 | 0 | 0 |
| Пензионери | 50.000 | 0 | 18.000 | 100.000 | 66.400 | 0 | 95.100 | 0 |
| Попреченост/Инвалидитет | 30.000 | 0 | 198.000 | 132.000 | 247.000 | 32.000 | 1.555.000 | 1.550.000 |
| Развој на граѓанското општество | 1.470.300 | 62.000 | 0 | 0 | 76.000 | 140.000 | 200.000 | 0 |
| Регионален и локален развој | 0 | 195.460 | 0 | 78.000 | 246.000 | 0 | 0 | 0 |
| Социјална (хуманитарна) грижа | 0 | 25.000 | 66.000 | 166.804 | 96.000 | 10.000 | 2.020.000 | 0 |
| Спорт и рекреација | 90.000 | 176.200 | 35.000 | 2.003.000 | 469.000 | 90.000 | 677.000 | 0 |
| Уметност | 0 | 10.000 | 210.000 | 0 | 366.000 | 40.000 | 50.000 | 0 |
| Друго | 0 | 110.000 | 223.000 | 1.009.310 | 729.000 | 0 | 16.000 | 0 |
| Вкупно | 2.056.800 | 1.458.785 | 1.305.400 | 6.553.614 | 9.471.893 | 1.576.000 | 7.391.650 | 1.550.000 |

*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*

*Трансфери до Спортски клубови* (ставка 463120). Овие трансфери се наменети исклучиво за спортски активности и тоа најмногу во Скопски, Пелагониски и Југоисточен регион.

Трансфери до невладини организации по основ *Трансфери до Организации за хендикепирани лица* (ставка 463140) групирани по сектор, се јавуваат само во Југозападен регион односно еден грант исклучиво наменет за попреченост/инвалидитет и во Скопски регион девет грантови кои својата намена покрај што е насочена за попреченост/инвалидитет туку и за здравствена заштита, социјална (хуманитарна) грижа, заштита на права и деца, млади и студенти.

Трансфери до невладини организации по основ *Трансфери до хуманитарни организации* (ставка 463160) се јавуваат во Источен, Југозападен, Пелагониски, Полошки и Југоисточен регион, најчесто најмногу средства како и половина од вкупните грантови се наменети за социјална (хуманитарна) грижа со исклучок на Источен регион при што средствата се наменети исклучиво за деца, млади и студенти.

*Трансфери до политички партии* (ставка 463170) има во Вардарски и Североисточен регион исклучиво наменети за активности на политичките партии.

*Останати трансфери до невладини организации* (ставка 463190). Од квантитативен аспект, најголем број на грантови од оваа ставка или 13/35 од сите региони се наменети за активности од областа на културата. Најмногу од средствата или 68,9% од вкупните трансфери се исплатени од ЕЛС од Источниот регион. Од нив, 72,7% од средствата од овој регион се наменети за активности од областа на културата. Во Североисточен регион најмногу парични средства или 74,9% од вкупните трансфери од оваа ставка се наменети за кофинансирање на проекти. Над 50% од вкупните трансфери од оваа ставка на следните региони поединечно се наменети за: заштита на животните и животната средина во Југозападен регион, регионален и локален развој во Југоисточен регион и за деца, млади и студенти во Полошки регион. Во Скопскиот регион 36,8% од овие трансфери се наменети за попреченост/инвалидитет.

**Табела 14.**

Регионален преглед на ставка 463190 - Останати трансфери до невладини организации групирана по тип за 2015 година

| Секторска поделба на Останати трансфери до невладини организации | Вардарски | Источен | Југо-западен | Југо-источен | Пелагонија | Полог | Скопски | Северо-источен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто: 463190 | | | | | | | | |
| Верски заедници | 0 | 413.122 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 45.000 | 0 |
| Деца, млади и студенти | 0 | 15.000 | 5.000 | 0 | 0 | 201.000 | 0 | 0 |
| Заштита на животните и животната средина | 0 | 0 | 46.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Заштита на права | 0 | 0 | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кофинансирање | 0 | 99.380 | 0 | 0 | 0 | 120.000 | 0 | 140.000 |
| Култура | 0 | 2.193.925 | 0 | 245.000 | 0 | 0 | 20.000 | 41.000 |
| Попреченост/Инвалидитет | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 | 0 |
| Развој на граѓанското општество | 0 | 297.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.000 |
| Регионален и локален развој | 0 | 0 | 0 | 282.440 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| Спорт и рекреација | 0 | 0 | 0 | 26.000 | 0 | 0 | 25.000 | 0 |
| Друго | 0 | 0 | 0 | 8.000 | 0 | 8.000 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 3.018.927 | 66.000 | 561.440 | 0 | 359.000 | 190.000 | 187.000 |

*Извор: Пресметка на авторот врз основа на добиени одговори на БПИЈК*

## Заклучоци

Во однос на трансферите кон невладини организации од Централниот буџет можеме да заклучиме дека во 2011 и 2014 година има намалување на номиналната вредност на трансферите кон невладиниот сектор во однос на претходните години, додека пак во 2012 и 2013 година истите растат но со ниски стапки на раст. Сепак, трендот на раст продолжува во 2015 година со повисока стапка во однос на минатите години. Во истиот период и ефикасноста на планирање на Централниот буџет на РМ во однос на овие трансфери е подобрена во овие години каде е забележан раст на трансферите. Процентот на овие трансфери во вкупните расходи од Централниот буџет бележи опаѓачки тренд со тоа што во 2015 година има стагнација.

Според анализата на добиените одговори на барањата за пристап до информации од јавен карактер може да се заклучи следното:

- Во врска со намената на трансферите до невладини организации од ЕЛС, најмногу од трансферите од ставка 463 се наменети за Спортски клубови кои земаат учество од 69% во вкупните трансфери. Здруженијата на граѓани и фондации учествуваат со 18%. Значајно е и учеството од 10% на Организации за хендикепирани лица, додека пак Останатите трансфери учествуваат со 3% во вкупните трансфери.

- Согласно секторската поделба на трансферите, повеќе од 2/3 од трансферите се наменети за спорт и рекреација. Трансферите наменети за попреченост/инвалидитет учествуваат со 6,15% во вкупните трансфери, додека пак веднаш после нив трансферите наменети за активности од областа на културата учествуваат со 5,58%. Најголем број на грантови (квантитативно), односно 442 од вкупно 919 грантови се доделени за спорт и рекреација. Значајна е и бројката од 142 доделени грантови за активности од областа на културата.
- Трансферите до *здруженија на граѓани и фондации* (ставка 463110). По основ на оваа подставка доделени се вкупно 486 грантови. Од нив најголем број се наменети за активности од областа на културата (128 грантови) исто така и најмногу од паричните средства или 23% од вкупните трансфери од оваа ставка се насочени за активности од областа на културата.
- Трансферите до *Спортски клубови* (ставка 463120) се наменети за спортски активности. Доделени се вкупно 375 грантови за спорт и рекреација во вкупна вредност од 121.910.213 денари.
- *Трансфери до организации за хендикепирани лица* (ставка 463140) се наменети за заштита на права, социјална (хуманитарна) грижа, попреченост/инвалидитет, здравствена заштита и деца,млади и студенти.Најмногу парични средства се наменети за попреченост/инвалидитет со учество од 39% и здравствена заштита со учество од 30% во вкупните трансфери од овој вид на организации.
- *Трансфери до хуманитарни организации* (ставка 463160). Реализирани се вкупно 10 исплати до овој вид на организации, од кои најмногу од средствата т.е. 82% се наменети за социјална (хуманитарна) грижа.
- *Трансфери до политички партии* (ставка 463170). Реализирани се вкупно 2 исплати на политички партии.
- *Останати трансфери до невладини организации* (ставка 463190). Најмногу парични средства се наменети за активности од областа на културата, со учество од 57% во вкупните трансфери од овој вид на организации. Исто така, и најголем број на грантови 13 од вкупно 35 се доделени за култура.

Од Регионална анализа на трансферите до невладини организации од добиените одговори на БПИЈК од ЕЛС во Република Македонија може да се заклучи дека ЕЛС кои го сочинуваат Скопскиот регион издвојуваат најмногу парични средства за невладини организации. Пелагонискиот регион и Југоисточниот регион (исто така се вбројуваат во региони кои отскокнуваат од просекот каде има издвоено најмногу парични средства до невладини организации.Покрај издвоените и исплатени највисоки парични средства на невладините организации од ЕЛС кои ги сочинуваат овие три региона, така и најголем број на грантови се доделени токму од нив. Сите заедно учествуваат со 70,8% во вкупните доделени грантови од ЕЛС од сите региони.

Од регионалниот преглед на намената на трансферите од ставка 463110 (Трансфери до Здруженија на граѓани и фондации) групирани по тип/сектор може да се заклучи следното:

- Пелагонискиот регион издвојува најмногу парични средства во однос на другите региони како трансфери до Здруженија на граѓани и фондации (ставка 463110). Исто така, најголем број на грантови се доделени од овој регион или 206 грантови од вкупно 486 грантови од оваа ставка.
- Во Вардарски регион најмногу парични средства т.е. 71,5% од вкупните трансфери од оваа ставка се исплаќаат за развој на граѓанското општество.
- Во Источен, Пелагониски и Полошки регион најмногу парични средства од оваа ставка се наменети за култура.
- Во Југозападен регион најмногу средства се наменети за активности за заштита на животните и животната средина.
- Југоисточен најмногу од оваа ставка односно 30,6% се издвојуваат за спорт и рекреација, додека пак во Скопски регион 27,3% се наменети за социјална (хуманитарна) грижа.
- Во Североисточен регион средствата се наменети единствено за активности на лица со попреченост/инвалидитет, што значи дека од оваа ставка е доделен само еден грант во вредност од 1.550.000 денари.

**Препораки**

- Потребна е поголема транспрентност и отчетност при доделувањето и распределабата на средствата за трансфери до невладини организации од централниот буџет и од буџетите на ЕЛС.
- Има потреба од поефикасно планирање на трансферите до невладини организации од Централниот Буџет.
- Има потреба од дополнителна анлиза за конкретната намена и начинот на доделување на средствата за трансфери до Невладини организации од Централниот буџет и од Буџетите на ЕЛС.
- Има потреба од дополнителна анализа на резултатите постигнати од акциите поддржани од трансфери до Невладини Организации од Централниот Буџет и од буџетите на ЕЛС.
- Има потреба од дополнителна анализа за да се утврдат разликите кои се јавуваат помеѓу ЕЛС во статистичките региони во однос на трансферите кон невладините организации во РМ.

## Библиографија

[1] БЦСДН (Балканска мрежа за развој на граѓанското општество, Извештај за Индекс за одржливост на граѓанските организации во Македонија 2015, Интернет (https://goo.gl/sKkzAO) проверено на 14.12.2016

[2] Даниела Стојанова, Гонце Јаковлеска, Сашо Клековски, Емина Нурединоска (2010) МЦМС - Самоперцепција за граѓанското општество Извештај од Организациската анкета Цивикус – Индекс на граѓанското општество

[3] Европска Комисија, Извештај за напредокот на Македонија, 2016, интернет (https://goo.gl/I7hKkt ) проверено на 16.12.2016

[4] Закон за здруженија и фондации Службен весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010 година

[5] Закон за за сметководството на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2003, 17/2011 и 154/2015)

[6] Кекеновски Љ., Узунов В., Николов М. (2006). Трансакциони трошоци во македонската економија. ФИООМ

[7] Огненовска, С. (2015) Документ за јавни политики: Извештај за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за периодот јуни 2012 - декември 2014 [Интернет] Скопје, МЦМС. Адреса https://goo.gl/PXewZh посетена на 14.12.2016

[8] Огненовска, С Извештај за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество во Македонија 2015 / Симона Огненовска. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

[9] Bogdanovic A. (2016), "Think tank organizacije u Srbiji: u potrazi za uticajem", Policy brief, FES

[10] Fagan A. (2005), "Taking Stock of Civil-Society Development in Post-communist Europe: Evidence from the Czech Republic", Democratization, Vol.12, No.4, August 2005, pp.528–547

[11] Fukuyama F. (2001), "Social capital, civil society and development", Third World Quarterly, Vol 22(1), pp 7-20

[12] Svejnar, J. (2002). Transitional economies: Challenges and perspectives. *Journal of Economic Perspectives, 16*(1), 3–28

[13] USAID-The 2015 CSO Sustainability Index for Central and Eastern Europe and Eurasia https://www.usaid.gov/sites/default/files/documents/1861/Europe_Eurasia_CSOSIReport_2015_Update8-29-16.pdf проверено на 10.12.2016

[11] ЦИВИКУС - Индекс на граѓанското општество за Македонија http://www.mcms.org.mk/images/docs/2011/dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazman-rezime.pdf проверено на 14.12.2016

## Анекси

### Анекс 1: Илустративен приказ на број на регистрирани организации по региони во 2013 година и степен на реализација на трансфери од буџетите на ЕЛС кон невладин сектор во 2015 год



## Анекс 2: Трансфери од ЕЛС кон невладин сектор по глава на жител



## Анекс 3: Структурата на трансфери во проценти по тип на ЕЛС (урбани/рурални) групирани според статистичките региони во Република Македонија



***Издавач*** Центар за економски анализи–ЦЕА
***За издавачот*** Марјан Николов
***Наслов*** Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество
***Автори*** Д–р Марјан Николов
Игор Митевски
Ана Марија Петровска
М–р Весна Гарванлиева Андонова
Габриела Димовска
***Превод на англиски јазик на извршно резиме*** Ана Марија Петровска
***Компјутерска обработка и дизајн*** Мирослав Милановиќ
***Број на копии*** 200
***Печат*** Глобал Комуникации

CIP - Katalogizacija vo publikacija
Nacionalna i univerzitetska biblioteka “Sv. Kliment Ohridski”, Skopje

316.344.5:332.14/.15]:336.14(497.7)(047.31)

ФИСКАЛНА децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество / Марјан Николов ... [и др.]. - Скопје : Центар за економски анализи - ЦЕА, 2017. - 86 стр. : граф. прикази ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Марјан Николов, Габриела Димовска, Ана Марија Петровска, Весна Гарванлиева Андонова, Игор Митевски. - Библиографија: стр. 80-81. - Содржи и: Анекс

ISBN 978-608-4731-29-0
1. Николов, Марјан [автор]
а) Граѓански општества - Регионален развој - Фискална децентрализација - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 102490122




.......................

**Поддржано од:**
CIVICA MOBILITAS
**"Фискална децентрализација за подобар регионален развој на граѓанското општество"**